СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 декември 1997 година

Скопје, декември 1997 година

**III ПРОДЛЖЕНИЕ ОД 80-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4. XII. 1997 ГОДИНА**

ДИСКУТАНТИ:

1. АРСОВСКИ БРАНКО – 24
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 71
3. АБДИ ФАИК – 110, 114
4. БАЈРАМ АМДИ – 109, 113
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 123
6. ГОШЕВ ТУШЕ – 40, 43
7. ДОКУЗОВСКИ КИРО – 66, 58 (Мин.за земјод.)
8. КАРОВ ИЛИЈА – 77, 79
9. КАДРИУ ЗЕКИР – 25, 27
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 1, 12
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 70 (води седн.)
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ – 63, 89
13. МЕШКОВ ЉУПЧО – 62, 64
14. МАЛИЧИ НАЗМИ – 117
15. НАСТОСКИ ДИМЧЕ – 35
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 57
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО – (води седн.)
18. ПУРДЕ НАЏИ – 32, 34
19. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА – 46, 52
20. ПАВЛОВ БОРИС - 103
21. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 18, 21
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 119
23. СПАСОВ ЃОРЃИ – 14 (мин:за правда)
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 15, 58
25. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 105
26. ТУДА РАМИ – 59, 61, 117, 122, 123
27. ТРАЈКОВ МИЛЧО – 84, 89
28. ШАКИРИ ХИСНИ – 115, 121

Дневен ред:

-Продолжение по Пред.за донес. На Закон за избор на пратен.на Собр.на РМ- стр.1 Донесен на 65стр.

-Точка 7-стр.65-Закон за ветеринарство

-Точка 10-стр.108-Предл.Одлука за изменув.на Одлуката за основање на Совет.за Меѓунац.односи

-ПРОДОЛЖУВА-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 4 декември 1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Со седницата продолжи да претседава г - дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесетта седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Персида Малинска, Теодосие Паунов, Сали Рамадани, Зоран Шапуриќ, Мирко Трифуновски и Јован Лазаров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор г - нот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани дами и господа.

Мислам дека нема да претерам ако кажам дека овие денови расправаме за еден многу важен закон, можеби после Уставот на Република Македонија, еден од најважните закони, не по својата содржина, туку по последиците што може да ги остави за обликувањето

на политичкиот систем во нашата држава и за последиците врз стабилноста на земјата. Меѓутоа, најважно од сето тоа е што овој закон треба да овозможи легитимност на поредокот, односно треба да влијае до максимум на тоа кој ќе ја води нашата земја во наредниот период. Дали нашата земја како досега, како што се ва во овој момент, ќе ја води малцинство во улога на мнозинство и врши тиранија врз мнозинството владеејќи во улога на мнозинство бидејќи податоците од последните парламентарни избори покажуваат тогашниот Сојуз за Македонија со само 29% од освоените гласови и над 80% места во Собранието на Република Македонија. Тоа на некој начин уште во стартот ја отвара дилемата за легитимноста на :докот во Република Македонија и за тоа кој ја води државата. Дали Државата ја водат луѓето кои на последните избори добиле мнозинство повеќето граѓани во Република Македонија, или заради изборниот модел ја водат луѓе кои, иако со мало мнозинство поради таквиот изборен модел ја имаат улогата на мнозинство и на тој начин случуваат за судбината на државата и граѓаните кои живеат во таа држава.

Исто така битно е да се наспомене уште во самиот почеток дека од тоа, колку што мене ми е познато не постојат идеални изборни модели и а од разбирливи причини не може да се каже дека може вештачки се пресликуваат изборни модели од некои држави во нашата или во некои други прилики, за изборниот модел кој треба да и во одредена земја влијаат многу карактеристики, пред се социјалните, политичките, националните, културните, идеолошките, , национални, економски и други прилики, а исто така сето тоа и од политичката култура, стратегијата, тактиката и другите калкулации кои се прават во политичките партии, а пред се во партиите се на власт во времето на донесувањето на законот за изборните модели. Од тие причини мислам дека треба да

има поголема ширина кај пратениците од парламентарното мнозинство, за момент да ги тргнат на страна тесно партиските интереси, затоа што пред се треба да се ставaт во преден план државните интереси за да се донесе таков изборен модел кој ќе обезбеди поголема легитимност на поредокот и ќе овозможи владеење на тие партии кои ја имаат поддршката од повеќето граѓани во Република Македонија.

Од тие причини разбирливо е што во некои држави донесувањето на ваквите закони се случува со двотретинско мнозинство во парламентот во одлучувањето, а има случаи во некои држави донесувањето на ваквите значајни закони да се носи со референдумско изјаснување на граѓаните. Од тие причини многу е битно колку Владата како предлагач на овој закон и парламентарното мнозинство ќе има доволна ширина за разбирање и прифаќање на најважните забелешки од опозиционите партии, затоа што ова е еден од ретките закони за кој можеби ќе треба да се инсистира, или да се иде на консензус меѓу најважните политички партии во неговото донесување, затоа што индиректно доколку не се случи тоа можни се политички нестабилности во нашата држава во наредниот период затоа што тоа директно имплицира ако сегашното парламентарно мнозинство не услишувајќи ги барањата на опозицијата донесе закон кој нема да биде прифатлив за сите, а ја отвора можноста дека утре и на некои следни парламентарни избори ако некое друго мнозинство ја сочинува власта во Република Македонија да си донесе закон кој на него ќе му одговара. Значи би требало до максимум да ја елиминираме можноста кроењето на овие изборни закони да биде по мерка на партиите кои се на власт, туку до максимум да се овозможи да бидат прифатени размислувањата, сугестиите и предлозите на опозиционите партии.

Исто така потребно е да се каже дека секој изборен модел си има свои добри и лоши страни. Прашање е колку ние како парламент и

Владата како предлагач ќе успее во моделирањето на изборните модели да ги селектира и да ги вгради во изборниот модел добрите страни од едниот и од другиот модел исфрлувајќи ги лошите за да дојдеме до некое решение кое можеби би било најприфатливо за политичките прилики во Република Македонија.

Исто така неоспорен е фактот дека изборниот модел во голема мерка влијае врз стимулацијата на граѓаните да излезат на гласање и да го дадат својот глас на парламентарните избори, затоа што со тоа директно одлучуваат која политичка партија ќе ја добие довербата за да ја води државата.

Од некои истражувања што се правени се доаѓа до заклучоци за екстремни ситуации, на пример дека во Израел околу 95% од граѓаните што го дале гласот за одредена партија испаднало дека таа партија и ја води државата и разликата која се случува во најголем процент во Англија, каде што само 50% од гласачите кои го дале својот глас за одредена партија таа партија ја добила можноста да ја води земјата во наредниот период. Можеби од тие причини во Англија во моментот многу е актуелна темата за менување на изборниот модел, кој таму има многу долга традиција, затоа што податоците до кои успеав да дојдам се навистина запрепастувачки. Можеби од тоа можат да се прават и аналогии за состојбите во Република Македонија.

Дозволете ми да Ви го илустрирам тоа со одредени показатели.

На пример Конзервативната партија на Англија, таму е мнозински изборниот модел, на последните избори со 31,5% од освоените гласови успеала да обезбеди 165 пратенички места, а доколку би бил пропорционален би освоила 202 пратенички места.

Лабуристичката партија со 44,3% освоила драстично многу повеќе пратенички места т.е. 418, а доколку би бил пропорционален моделот 6и освоила само 284 места.

Либерално демократската партија со освоени 17,2% освоила 46 пратенички места, а доколку би бил пропорционален системот би освоила 110 пратенички места. Значи, разликата е за повеќе од 100%. Меѓутоа, подрастични се податоците кои кога се правата компарации за резултатите од некои претходни избори, така да излегува дека на пример Либерално демократската партија на претходните избори, во 1992 година со поголем процент на вкупно освоени гласови, 17,8 успеала да освои само 20 пратенички места за разлика од сега кога освоила 17,2%, а бројот на пратенички места е 46.

Овие податоци покажуваат колку е немилосрден и колку е суров мнозинскиот изборен модел, како и колку резултатите од тој изборен модел влијаат на обликувањето на политичката атмосфера во самата држава. Можеби тоа најмногу влијаело најголемиот број земји од централна и југоисточна Европа, во кои спаѓаме ние, така наречени земји во транзиција кои во почетокот се одлучија за комбиниран изборен модел, или за мнозински скоро без исклучок ги напуштија, така да Македонија е последната држава од земјите во транзиција која се уште има мнозински изборен систем, меѓутоа јас сум длабоко убеден во тоа дека со донесувањето на овој закон ние ќе собереме сили да го измениме тој изборен модел. Меѓутоа, замена за мене не е доволно ако тој изборен модел се направи да биде комбиниран со тоа што . доминантно пак би било учеството во изборниот модел на мнозинскиот систем на избирање на гласачите.

Сега, малку би сакал да се задржам околу предностите и негативностите на едниот односно на другиот изборен модел.

Според мене единствена вредност на мнозинскиот изборен модел е што овозможува сигурна идентификација на избирачите со пратеник од неговата средина, кој ќе ги застапува неговите интереси во Собранието на Република Македонија. Сите други аргументи кои беа

вчера изложувани од страна на пратениците во смисла на позитивни страни на мнозинскиот модел би ги демантирал со следните аргументи.

Не е точно дека мнозинскиот изборен модел овозможува стабилно мнозинство и стабилна влада. Тоа не мора со илустрации од други држави да го покажуваме, ќе го покажам со два примери од нашата земја.

Прво , ние на првите парламентарни избори во 1990 година имавме мнозински изборен модел, меѓутоа тој мнозински изборен модел не доведе до создавање на стабилно мнозинство во првиот состав на парламентот, поради што овој Парламент се одлучи за формирање на експертска влада во почеток, дури две години после тоа беше формирана влада, која беше политичка влада на Република Македонија. Исто так, примерот од последниве парламентарни избори во 1994 година покажа дека ние добивме навистина многу стабилно мнозинство, но тоа не значи дека добивме одговорна влада, затоа што многу големото мнозинство создава услови за неодговорно практицирање на власта во државата во која тоа се случува.

Исто така, како негативност на мнозинскиот изборен модел би го истакнал фактот дека мнозинскиот изборен модел е многу скап, дека постапката за избор на пратеници трае многу долго, затоа што како што беше кај нас изборите се случуваат во два круга, дека е многу тешко да се одржи тензијата меѓу првиот и вториот круг на политичките партии во јавноста, поради што одѕивот на гласачите во вториот круг е далеку помал отколку што тоа е во првиот изборен круг. Дека во принцип ги фаворизира големите партии што не мора да значи, меѓутоа како една голема негативност на овој изборен модел е самиот факт што овозможува кроење на изборните единици од страна на партиите кои се на власт по нивниот ќеиф, да речам, како што тие сакаат, меѓутоа покасно ќе кажам за конкретните забелешки на законот.

За разлика од мнозинскиот изборен модел, пропорционалниот модел, според мене има далеку повеќе предности и би бил поприфатлив за политичките прилики во Република Македонија.

Прво, затоа што тој во принцип ги стимулира граѓаните да излезат во што поголем број на гласање, затоа што се уверени дека нивниот глас ќе отиде на сигурно место, односно дека нивниот глас врши некаква функција во вкупниот распоред на политичките сили, затоа што пропорционалниот изборен модел овозможува поправично пренесување на волјата на избирачите преку освоените пратенички места во Собранието на Република Македонија односно преку пренесувањето на мандатите кои треба да се случат покасно во Собранието на Република Македонија.

Овозможува пропорционалниот модел во собраниските клупи да седат поквалитетни претставници на граѓаните на Република Македонија.

Овозможува да влезат партиските елити на политичките партии во Република Македонија, кои на некој начин ја кројат политиката во партиите. Овозможува да влезат поголем број на жени, поголем број на млади луѓе и, се разбира, поголем број на стручни кадри кои се и тоа како потребни за некои посуштински расправи кои се водат во Собранието на Република Македонија.

Исто така, пропорционалниот изборен модел би ги стимулирал партиите што се организираат насекаде во Република Македонија, затоа што едноставно ги принудува заради значајноста на секој глас да имаат своја инфраструктура на територијата на целата држава. Исто така ги принудува партиите кои се наоѓаат во мнозинство и самата влада на поголема меѓусебна кооперативност и соработка. Исто така овој изборен модел овозможува создавање на силна опозициона партија. Тоа може да се каже со сигурност, затоа што овозможува во Собранието многу

I/8

поинаков распоред на силите да има отколку што тоа се случува во моментов во нашите политички клупи.

За мнозинскиот изборен модел, исто така една голема негативна карактеристика е тоа што во услови кога нема развиена критичка јавност, како што е тоа случајот во Република Македонија, во услови кога не постојат бројни граѓански независни организации, независни медиуми, мнозинскиот модел овозможува елиминирање и маргинализирање на опозицијата и стапува уште поопасен за демократските процеси во државата во која тој се практикува.

Министерот вчера кажа бројни податоци околу тоа каква е состојбата со изборните модели, ставајќи го целиот свет во тие компаративни показатели, меѓутоа заради јавноста треба да се каже дека во моментов во Европа, а ние сепак сме Европа и тежнееме кон Западна Европа, само во две држави е на сила мнозински изборен модел и тоа во Англија и во Франција. Во Англија веќе има силни тенденции за менување на мнозинскиот изборен модел и дека во земјите од централна и источна Европа, во кои спаѓаме и ние скоро секаде се применуваат пропорционални или комбинирани изборни модели, каде што е доминантен пропорционалниот модел, а не мнозинскиот изборен модел. Во тоа е разликата меѓу показателите од едната и од другата страна. Исто така пропорционалниот изборен модел овозможува со еден солиден изборен праг од 5% што е можеби идеално за Република Македонија, затоа што процентот прагот од 7% би бил можеби преголем, ќе ја избегне опасноста за расцепување на парламентарната структура, затоа што тој процент ќе овозможи во Собранието на Република Македонија да влезат тие политички партии кои имаат најголема поддршка од граѓаните на Република Македонија, значи опасноста од фрагментација и од уситнување на структурите во Собранието нема да биде така изразена како што тоа го фаворизираат дискутантите кои зборуваат дека е тоа голема негативност за пропорционалниот модел,

затоа што исто така овој изборен модел ќе ги стимулира помалите политички партии кои во друга ситуација немаат шанси да влезат во Собранието, меѓу себе да се здружуваат и да се сојузуваат со поголемите политички партии за да може одреден кандидат од тие партии, посебно би рекол од националните партии, затоа што е тоа многу битно во Собранието да бидат застапени претставници од сите националности во Република Македонија, да соработуваат. Ќе бидат принудени да соработуваат со поголемите партии ако не сакаат да ризикуваат да немаат свои претставници во Собранието на Република Македонија.

Исто така пропорционалниот изборен модел е многу поприфатлив бидејќи нема дополнителни избори. Целиот изборен циклус завршува во еден ден, што значи дека изборните трошоци, како за политичките партии и учесници во кампањата, така и за самата држава која е организатор се далеку, далеку помали во споредба со практицирањето на мнозинскиот изборен модел, или комбиниран изборен модел во кој доминантен е мнозинскиот.

Тоа се моите аргументи во смисла на добрите и лошите страни на едниот или другиот изборен модел.

Други работи што мислам дека се многу битни да се потенцираат во врска со елементите од овој закон би ги потенцирал следните како најважни.

Во излагањето на министерот и во одредени дискусии беше истакнато од дискутантите на Социјалдемократскиот сојуз дека нема потреба од надворешни набљудувачи на изборите. Напротив јас мислам дека сеуште во Република Македонија има потреба од надворешно набљудување и тоа од претставници и од ОБСЕ, од Советот на Европа, од Европскиот парламент, Хелшинскиот комитет за заштита на човековите права, како и други заинтересирани меѓународни организации. Заради тоа, ЛДП инсистира набљудувањето за

претстојните избори да започне два месеци пред нивното одржување, а законскиот проект за избор на пратеници да се прати на експертиза во Советот на Европа за да добие верификација и од надлежните институции.

Ова набљудување е многу битно заради самата легитимност на изборите, заради нивната чесност и фер одржување, затоа што тоа е многу важно за претстојниот период во Република Македонија конечно да организираме парламентарни избори после кои поразениот ќе може да му честита на победениот, меѓутоа за да се случи поразениот да му честита на победениот треба да биде уверен дека немало никакви манипулации и малверзации во водењето на изборната постапка. За да дојде до тоа, за да се случат такви убави нешта во Македонија опозицијата треба да биде сигурна, како и позицијата, дека имала рамноправно учество во изборните комисии односно сите изборни органи кои треба да ги спроведуваат изборите како неопходен услов за меѓусебна контрола за да се елиминираат таквите негативности. Да учествува опозицијата рамноправно во донесувањето на изборната регулатива, како и да има рамноправно учество во предлагањето на кандидати кои во име на државата ќе ги водат изборите. Исто така, за нас многу важен факт е обезбедувањето на услови за рамноправно медиумско претставување на партиите за време на водењето на изборната кампања. Ова е многу важен елемент во Република Македонија заради непостоењето на критичка независна јавност во Република Македонија и заради сеуште, за жал, големите можности на владеачката партија за вршење на притисок врз најважните медиуми, државни медиуми во Република Македонија, како што тоа во голем број се случуваше пред локалните избори кои се одржаа 1994 година. Како посебен пример ќе го потенциран фактот на големата манипулација и узурпација која беше направена под притисок на СДС врз македонската телевизија кога во четвртокот во предизборниот молк наместо

I/11

вообичаената дебата со лидерите на политичките партии, учесници на изборите, беше презентиран со задоцнување од еден саат пренос од последниот митинг на СДС и одредени прилози со контра пропаганда против останатите политички партии кои учествуваа на тие избори.

Исто така, не помалку важна работа што треба да се обезбеди е обезбедувањето на контрола за трошењето на средства од кои ќе се финансираат кампањите на политичките партии на Република Македонија. Ние како за претходното, така и за ова, како и за проблемот за достапноста на избирачките списоци во последно време имавме многу интензивни контакти со дипломатските претставници на други држави во нашата земја. Од нив добивме максимална поддршка со ветување дека ќе се обидат да влијаат колку што можат преку меѓународните институции на овие работи посебно внимание да се посвети во нашата држава.

Посебно битен е проблемот за трошењето на средствата во финансирањето и на изборните кампањи, затоа што како се поставени кај нас работите голема е можноста партиите кои се наоѓаат на власт голем дел од својата кампања да ја финансираат со средства од јавните фондови. Значи со средства кои се собираат од сите граѓани на Република Македонија со класични злоупотреби. Се сеќавате на големите узурпации кои беа направени со залажување на јавноста _ преку сечење на ленти, ставање на камен темелници на објекти чија реализација беше во функција само на изборната кампања, а после тоа воопшто не се продолжи со изградбата. Како пример ќе го спомнам почетокот на изградбата на патот Велес - Прилеп преку Бабуна, да не ги споменувам останатите.

II/1 пј/вц

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Сега во врска со некои конкретни забелешки во врска со законот. Прво, мислам дека отстапувањето, кое се предвидува во еден од членовите, во износ од 20% е бројот на гласачите во одредени изборни единци е премногу голем и неприфатлив за нас затоа што тоа ако се дозволи во една изборна единица плус 20 во друга минус, значи дека може да има разлика до 40% во бројот на гласачите во одредени изборни единици. Затоа, ние бараме и инсистираме тој процент да се сведе не на 20 туку на 5%.

Исто така, јас би инсистирал за цврста за професионализација на функцијата пратеник во Собранието на РМ. Ние скоро на секоја седница се судруваме со проблемот на мал број на присутни пратеници во Собранието на РМ и мислам дека е крајно време да донесеме таква одредба со која функцијата пратеник ќе стане професионална. Мислам дека тоа воопшто нема повеќе да ја чини државата, колку што сега ја кошта со пратеници кои си имаат некои други обврски како бизнисмени и на последно место им е, веројатно, или во изборот на приоритети меѓу последните обврската да присуствуваат и да партиципираат во Собранието на Република Македонија.

Исто така, би ја замолил Владата да размисли за ослободување од таксите и сите видови даноци на организаторите на изборната кампања, за да го направи изборниот процес што поефтин за политичките парии што настапуваат. Бидејќи се предлага комбинација на различни модели, мислам дека е многу важно да се обезбеди едукација на гласачите пред изборниот круг за следните парламентарни избори, пред се, заради фактот што на последните локални избори, заради тоа што имавме и мнозински пропорционален модел имаше премногу голем број на неважечки ливчиња. Заради тоа, би требало да се направат напори,

барем преку овие медиуми кои се финансирани делумно и од државата да можат да се направат емисии со специјални прилози за едуцирање на гласачите околу тоа како треба да се изврши гласањето.

Исто така, сметам дека би требало да има одредби во смисла, доколку се јават премногу голем број на неважечки ливчиња да се повтори гласањето во тоа изборно место или во целата изборна единица, ако тој број биде драстично голем во однос на вкупниот број на гласачи во таа изборна единица.

Се согласувам со пратениците кои инсистираа на поголеми казнени одредби за манипулациите кои се правеле во текот на изборната постапка, дури и да се предвидат кривични дела за нивните извршители.

Исто така, мислам дека би било неопходно потребно за следните парламентарни избори да се предвиди писмено поканување, доставување на писмени покани до сите гласачи за доаѓање на изборите на гласање. Времето на самото гласање да не биде од 7 до 19 туку од 8 до 20 часот, затоа што би било така попристојно време за почеток на изборниот процес.

Исто така, би инсистирале да се скрати времето на предавањето на гласачкиот материјал, за да се оневозможат манипулации, доколку има повеќе од 12 саати можно е некоја кутија да отиде прво во нечиј дом па после тоа да се однесе во изборната единица, тоа време да се скрати за да може да се елиминираат можните малверзации.

Исто така би инсистирале со законот критериум околу правото на учество на политичките партии на парламентарните избори. Ние би се заложиле од број најмалку од 2500 членови на политичките партии кои сакаат да кандидираат свои претставници за парламентарните избори, затоа што граѓаните кои сакаат да кандидираат свои листи се доведуваат во независна позиција а и заради тоа што во Република Македонија има нереално голем број на политички партии помали кои не

претставуваат никаква политичка сила во Републикава туку создаваат некои вештачки плуралистички амбиент, а во клучните моменти како трабанти се залепуваат за владеачката партија и се ставаат во нивна функција во водењето на изборната кампања.

Исто така, да се остави можноста за откажување на кандидатите меѓу првиот и вториот изборен круг или да се оди само со двајца кандидати, а не со сите тие што освоиле над 7% од гласачите, за да може да имаат јасна претстава на алтернативите на гласачите кога ќе излезат во вториот круг на гласање.

Исто така, би се заложиле за време на водењето на изборната кампања да се забрани објавување на анкети за јавното мислење на граѓаните, затоа што така како што се кај нас поставени работите можни се големи манипулации и фаворизирање на одредени политички партии заради својата моќ на влијание врз медиумите во Република Македонија. Од прилика тоа би биле моите забелешки во врска со законот за избор на пратеници.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Спасов, министер за правда. (реакција на пратениците поради излегувањето на говорница на министерот Горѓи Спасов) Немојте ве молам, министерот има право секогаш да се јави за збор.

**ГОРГИ СПАС0В:**

Само една корекција. Г-динот Коцевски рече дека во моето уводно излагање, а и некои други пратеници, што исто така не слушнав рекле дека јас се залагам против набљудување на изборите во Македонија. Сакам да кажам дека тоа не е точно. Точно е само тоа јас во моето уводно излагање реков дека предлагам да започнеме со отфрлање на меѓусебните сомничења и обвинувања за лошите намери. Изразив надеж дека е многу бргу ќе нема потреба било кој да не набљудува, за да

му соопштува на светот дали сме способни за фер и демократски избори. Бидејќи ова е цел на сите демократски земји во светот и сите демократски земји во светот се гордеат со тоа што навистина нема потреба некој да ги набљудува за да одржат фер и демократски избори. А тоа дека ние навистина во овој случај го предвидуваме набљудувањето е доказ и самиот предлог на закон во кој што има посебна глава, каде што се вели набљудување на изборите, каде што првиот став вели дека изборите, изборната постапка ќе ги набљудуваат претставници на меѓународните асоцијации и организации. Исто така, предвидено е кои меѓународни асоцијации и претставници на политички партии ќе ги набљудуваат изборите. Исто така, сметам дека сите меѓународни асоцијации и организации и политички партии и дипломатскиот кор од Македонија ќе бидат поканети да ги набљудуваат изборите и да го соопштат сопственото мислење за изборите во Македонија што се спроведуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, за мене лично за Либерално-демократската партија, па и за сите вас и за вас е од огромна важност донесувањето на овој закон и воопшто законите кои се однесуваат на изборната регулатива. Начинот и амбиентот во кој тие се носат и изведуваат, мислам самите избори е од посебна важност не само за оваа земја, туку и за целиот балкански полуостров па и за целиот регион. За Република Македонија е многу важно изборната законска регулатива да биде донесена со концензус на сите политички субјекти во државата. Тоа е битно, заради тоа во периодот кога треба самите избори да се изведат, состојбата во државата пред изборите и по изборите, општата состојба да биде

релаксирана, со што многу би значело за позицијата на новата власт и на крајот на краиштата на угледот и позицијата на нашата земја во странство. За жал текстот на предложениот закон не ги содржи сите потребни елементи, процедури и регулатива, со еден збор, со што би се потврдила оваа цел за која кажав пред малку и со тоа да се надминат можностите за манипулација, а се остава простор на многу недоречености. Недоволно дефинираниот пропорционален изборен модел, статусот на избирачи кои што се наоѓаат надвор од нашата земја, начинот како ќе гласаат војниците на Армијата на Македонија се само дел од работите кои ќе мора да се исправат. Посебно сметам дека се многу важни изборните списоци и толкувањето на господинот министер, господинот Спасов, кој смета дека изборните списоци и податоци во нив се заштитени, е работа која е дискутабилна. Ако така се гледа на тие податоци, тогаш треба да очекуваме дека министерот и телефонскиот именик ќе го прогласи за податоци од посебен доверлив карактер. Релевантните политички партии во оваа држава мора да располагаат со тие списоци, како би го намалиле, велам намалиле ризикот од манипулации, за што оваа власт има полувековно искуство.

Паричните казни кои се предвидено со овој закон се ниски и тие мора да бидат корегирани. Покрај паричните казни, мора во законот да се предвиди и кривична одговорност за оние за кои ќе се утврди дека со манипулациите битно влијаеле на текот на изборите и изборните резултати. Јас лично и ЛДП, како што е познато се залагаме за пропорционалниот изборен модел и Македонија како една изборна единица, а со овој модел би се постигнало следното. Тука господинот Коцевски беше многу дециден и ги наброја сите елементи, меѓутоа, јас ќе се потрудам пократко тоа да го соопштам. Значи, за тој начин би се постигнало следното:

Значајно би се намалиле манипулациите, со што изборниот резултат би бил верен на волјата на избирачите.

Прифаќањето на овој модел значи и помалку средства за скоро од половина од предвидените, а знаете оваа држава Македонија е сиромашна држава. Моделот кој ние го нудиме, го нуди ЛДП, упатува на коалиција при состав на влада и воопшто на коалицирање.

Исто така, овој модел упатува на поврзуваше на помалите партии во еден посилен блок. Ова е директен одговор на еден од пратениците на СДС кој говореше спротивно на тоа.

Со овој модел се обезбедува изборниот модел е репрезент на сите социјални слоеви, што е многу важно и мислам дека никој не го спомна овој дел. Се обезбедува силна опозиција, а исто така политички одговорна власт и влада.

Со овој модел е несомнен легитимитетот на избраните пратеници, со тоа и јака политичка позиција на Владата и државната администрација во земјата и јака позиција на владата и државата во странство.

На крајот, овој модел треба да се прифати, бидејќи се практицира во земји слични по големина на Македонија како што се Скандинавските земји кои што се синоним за економичност и регуларност. Нормално овој модел се користеше и се користи во сите земји кои минуваат низ слични процеси како што минува нашата држава.

На крајот би сакал да истакнам дека се залагам и лично смета дека само професионално пратеници би ја обавувале својата функција одговорно и професионално. Досегашниот статус на пратениците, пола риба пола девојка го сметам за надминат и непродуктивен.

Господа пратеници, на крајот мислам дека сите ќе се сложиме дека против овој закон изборите ќе покажеме, ние како држава на овој свет колку чекориме напред кон демократијата или одиме наназад.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колети, почитуван министре, мислам дека расправаме за закон, за кој не би требало јас да повторувам е доста значаен, меѓутоа, добро е тоа што имаме една добра основа и добра содржина на закон и за расправа.

Слушнавме исто така, и од експозето на министерот, што исто така треба да се почитува, затоа што консултирани се многу закони од многу држави, кои имаат искуство за изборни модели и во демократијата. Ни се нудат две алтернативи, односно две варијанти, за кои навистина сите расправаме, се разбира од позиција партија на која припаѓаме односно пратеничка група.

Јас не би го повторил ставот на мојата пратеничка група, т.е. на ПДП затоа што моите колеги веќе тоа го кажаа дека определбата е за мнозинскиот принцип односно модел, односно за пропорционалниот принцип односно модел. Затоа, би дискутирал од некој друг аспект за законот. Со самиот факт дека не би се сложил со пратеници кои во исто време зборуваат за законот и сакаат да придонесат да биде што подобар и најавуваат нестабилност во државата. Затоа што тогаш и самата теорија на Хајзенберг ни дава веќе предзнак дека не може да се донесе тогаш и добар закон. И ќе немаме тогаш добар закон.

Мислам дека треба да веруваме само дотолку барем толку да веруваме дека овој закон нема да биде партиски пакт и неможе да биде некој партиски акт, кој ќе ги застапува интересите исклучиво

на една партија, било да е таа партија на власт или во опозиција. Затоа што, имаме плурализам, а таков е и нашиот парламент и треба да се поаѓа од тоа. Исто така, треба да се почитува тоа што е придонес на експерти на луѓе кои сепак се занимаваат со оваа проблематика, луѓе кои веројатно консултирале многу модели, како што беше и тука кажано.

Исто така точно е дека нашите настапи понекогаш се многу јасни, што мислам дека и многу е и објективно и тоа дека ние поаѓаме од наши проценки. Какви ни се сметките односно какви ни се состојбите во нашите партии. веројатно, се залагаме за модел кој ќе и годи односно ќе оди во прилог на партијата на наредните избори, што исто така, не треба да значи дека тоа треба да го загрева политичкиот амбиент и да расправаме и за пакетот на другите закони во еден амбиент, кој веројатно нема да ни овозможи да расправаме така темелно и во мирна атмосфера за законите кои сами во нашите настапи кажавме дека се работи за многу многу значајни закони, односно во овој случај законот за избор на пратеници. Зошто е така? Затоа што по некоја проценка некоја проценка, веројатно, има, јас можеби повторувам од тоа што кажав во една консултативна една седница, тоест една расправа кога бевме поканети од ЈВДП затоа што имаме партија која има добра елита. И веројатно ќе се залага за принцип т.е. модел каде што таа елита ќе се застапува што подобро во Парламентот. Меѓутоа имаме и партии кои по нивни проценки имаат и елита и добра инфраструктура на партијата. Веројатно, без никакво лутење тие ќе се залагаат за систем, т.е. модел за да можат да бидат претставени односно да придобиваат во исто време и во тоа што е елита во партијата и во тоа што е инфраструктура на партијата. И можеби велам, и претпоставувам дека имаме и политичка партија која нема некоја елита, но има добра

инфраструктура, веројатно, поаѓа од тоа и се залага за таков модел. Нормално, претпоставката е дека најдобро ќе поминат тие што имаат и добра елита и добра инфраструктура во нивните партии.

Исто така, треба да се залагаме, што за мене е многу важно, сепак да имаме едно реално отсликување на тоа што е политички мозаик, партиски мозаик, национален мозаик во Република Македонија.

III/1 РД/ЛБ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

И ова да ни биде најважното. Не во овој момент но секогаш да добие секој глас било каде и да е, јас да добие парламентарен призвук, парламентарен ехо, за да може секој граѓанин да каже или да заклучи во себе дека во парламентот некој го преточува мојот глас односно кажува тоа што сум мислел јас кога го дадов гласот односно и тој учествувал во градењето на демократијата во РМ. За да имаме добар закон и понатаму, мислам дека добро почна, почнувајќи од консултациите што ги правеше премиерот, почнувајќи од сето тоа што ни се нуди како текст, почнувајќи од тоа дека имавме доста консултативни, се организираа и семинари, се консултираат институции кои имаат искуство како што е Индија во Скопје и тн. сето тоа во моментот сега кога раправаме и треба конкретно да расправаме да донесеме добар закон , мислам дека да не биде доминантно преголемата желба за освојување на власта , или преголема желба за зачувување, односно останување на власт. Затоа што тука веќе премногу ќе бидеме субјективни и можеме да погрешиме, односно да немаме баш добар закон како веројатно декларативно кога настапуваме и се ангажираме.

Што се однесува до мојата пратеничка група,мислам дека добро е прво што овие алтернативи кои се дадени имплицираат односно овозможуваат и други промени, промени во пакетот на законите кои исто така е многу значајно. Вие се сеќавате јас уште еднаш тоа го кажувам дека ние секогаш и многу пати на разни средби и тука на оваа говорница сме го кажале ова дека имавме лош закон за изборни единици. Тоа го аргументиравме, меѓутоа тоа што беше беше и веројатно од сега ова што ни се нуди имплицира и овозможува донесуваше на закон за изборни единици, каде што тежината на гласот ќе биде исто така ист,

односно приближно ист на секој граѓанин. Уште еднаш сакам да потенцирам дека динамиката темпото на донесување на овие закони, овој закон и другите закони, треба да се следи од другите ефекти односно компоненти што се значајни за наредните парламентарни избори. Јас поаѓам од овој пример. Да речеме државјанството , односно граѓани без државјанство, или подобро да кажам во процедура за добивање на државјанство. Не е тоа сега некоја бројка што многу ќе одлучува за успехот на некоја партија. Меѓутоа , поаѓам од фактот дека сепак граѓанинот од немарност или забавување на добивање на државјанство и таа процедура трае, доаѓаат изборите и повторно граѓанинот неможе да добие право за глас. Зошто? Само затоа што тие процедури за добивање на државјанство се забавуваат. Исто така, мислам дека не треба да се оди со претерување пренагласување на предрасуди која националност и кој добива со пропорционалниот модел, кој губи и тн. Затоа што тогаш априори ние граѓаните ги делиме, односно ги ставаме не ги сметаме како рамноправни граѓани во РМ. Јас ќе кажам следев еден интервју со министерот. Тоа јавно сегде ќе го кажам, затоа што и јавно беше кажано. Новинарот со предрасуди поставува прашање . Ако се оди на пропорционалниот модел ќе добијат албанските партии. Ова се предрасуди . Меѓутоа, за среќа добивме еден добар, одличен одговор на министерот имавме едно лошо прашање со предрасуди, но добивме добар одговор. Мислам дека така не треба уште сега да се загрее атмосферата и политичкиот амбиент со такви предрасуди , дали е тоа пишан збор, дали е тоа кажан збор, меѓутоа, мислам дека не е добро.

Што се однесува до текстот, јас би кажал нешто и би сугерирал, затоа што претстои фаза на законот, може да се прифати и да не се прифати. Што се однесува до изборните органи, државната Изборна комисија, мислам дека е доцна пет дена после објавување на

изборите да се формира таа државна комисија. Мислам дека добро е државната комисија за да не биде во некој цајтунг позиција, веднаш после донесувањето, односно законот како предлог кога ќе го донесеме тука , после законот кога ќе се донесе, значи да се формира таа државна комисија,за да може да биде оперативна за формирање после други изборни комисии од понизок ранг членот 90 и 91 засега во фаза за донесување по законит. Заштита на изборното право. Од искуство мислам дека имавме проблеми при поднесување на жалби и тн. Добро е да се операционализира уште повеќе за да нема дилеми кој за кого и за што одлучува мислам како инстанци, судски комисии и тн. туку прецизно да се рече како што и кој се ингеренциите при заштита на изборното право. Член 77 , добро и други пратеници мои колеги кажаа тука пет часа после затворањето на изборното место, односно гласачкото место тоа зависи и треба да се регулира со законот за изборни единици веројатно, односно гласачкото место колку ќе има избирачи. Затоа што ако остануваме за нас уште од сега мислам дека бројот на гласачите на едно изборно место , односно гласачко место е доста голем. Така што ако гласаат 1000 избирачи, тогаш за тие пет часа не верувам дали ќе има време да се поднесат , односно достават резултатите. Сите кажавме да имаме фер демократски избори. Мислам дека и министерот кажа, и време е. Неможе сега некој сега да ми прости, затоа што после седум години, мораме да бидеме приближно на тоа што е навистина фер и демократски избори, затоа што треба да се ангажираме да не ни се повторува тоа што беше до сега, да ни се откажат на самиот изборен чин, или кога ќе имаме избори одредени партии да не учествуваат понатаму после тоа е четири години багаж за партијата или партиите кои се на власт и веројатно секогаш ќе го слушнеме тоа , па ние се откажавме вие не сте легитимни и тн.

Мислам дека ние треба да создадеме услови за такво нешто или да има сосема малку такви изјави и такви ставови или воопшто да ги нема. И на крајот ќе завршам со тоа што централна фигура или централно внимание, да создаваме услови и со закон, со норматив да биде избирачот и кандидатот, односно кандидатската листа. А не централна фигура или во централно внимание да бидат разни манипулација , разни хулиганства што ни се случија пред изборните места, гласачки места, или од една страна полицијата од друга страна хулиганство и сега кандидатот останува втор, сосема неважен, или избирачот кој сакал да излезе да го даде својот глас, што е и свечен момент и свечен чин за него, да не му се создаваат услови да го даде својот глас.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека и лично сум убеден и би замолил моите колеги пратеници, бидејќи оваа говорница се однесува за обраќање на нас пратениците , а не се однесува за јавноста за друг , така што ние комуницираме овде меѓу себе и тој контекст нормално би било добро и да имаме рационалност во тој дел.

Јас претставник на Социјалистичката партија, на мојата пратеничка група, ние званично на двата состанока во предигра се договоривме и го изнесовме тоа директно на говорницата како партија. Мислам дека би било коректно, заради рационалноста, а ние како партии брзаме за изборите , сметам ако е можно да не потрошиме уште еден ден за расправата по овој закон, бидејќи не чекаат и други закони, а пратениците со оние технички и други подобрувања да ги изнесат во писмена форма и да ги достават до соодветното министерството. Јас бидејќи бев тука заклучив дека 90% од пратениците од партиите кои се присутни тука, веќе го изнесоа својот став на својата партија, односно пратеничка група. Во тој контекс би било рационално, гледате дека секој

се повторува во извесна смисла , меѓутоа од партија ако имаме став мислам дека веќе се знае за односите, да не зборуваме за технички пропусти и за изборни компоненти , за некои одредени недостатоци.

Моја молба е да направиме напори да ги донесеме и другите закони, еве го имаме и министерот за земјоделие а тој закон за сто-чарство е од животен интерес за една област која е многу важна. Молба ми е да го рационализираме нашето дискутирање со единствена цел пратениците да поднесат барање а пратеничките групи веќе ги изнесоа и своите предлози. Така да ќе бидеме рационални а во другата фаза ќе имаме можности амандмански да интервенираме и повторно ќе се јавуваме за дискусија. Тоа е моја замолница колегијална без да прејудицирам на правото на пратеник да се јавувам за дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова беше сугестија на г-динот Арсовски.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

Јас навистина го почитуван мислењето на претходниот пратеник и ќе инсистирам сосема накратко да го кажам своето мислење во врска со овој Предлог закон што веројатно е еден од најважните закони, како што рече еден од претходните пратеници, бидејќи се однесува за една регулатива која во иднина ќе го дефинира кои и какви пратеници ќе бидат избрани во каков модел и сето тоа што се однесува за тоа . Мислам дека е редот и ние да кажеме нешто во врска со ова. Потребата за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на РМ е мошне потребна и од аспект на елиминирање на сите тие дилеми дека во ова да речеме демократско општество се донесе законот каде ќе се утврди децидно и бројот и условите и

постапката на изборот на пратениците кои понатаму ќе бидат претставници на овој законодавен дом , за да со одредена регулатива биде регулирана оваа суптилна точка која по мое убедување е многу важно. Нормално предлагачот после едно долго време, значи после одреден период на време , се разбира, по извршување на некои многу важни работи што веќе измина со одредени процедури, нагласувања мајоризирања дури и потценување на одредени гласови на одредени пратеници, мислам дека дојде време сега со ваквите поставени две алтернативи да се додадат и можностите за донесување на еден закон кој сега е во процедура како Предлог закон за понатаму да ги решава проблемите на овој интересен и важен сегмент, што по мое убедување имаат интерес и политичките партии и сите гласачи кои нормално сакаат да бидат како што тие размислуваат подобро поставени во овој законодавен дом. Сето ова ќе беше во ред ако овој предлог на закон ќе беше во процедура уште пред првите , ако смеа да ги наречам демократски избори , каде децидно и конечно" ќе се знаеше реалната состојба на изборите и каде секоја политичка партија ќе беше претставена со свои пратеници, како и во другите форми кои ги предвидуваше порано дека би биле подобри кога би биле порегуларни и да немале тие недоразбирања и несогласувања во врска со изборите и нивните забелешки во врска со тие. Ова го велам од причина што јас на пример како пратеник зборувам конкретно за мене и за некој други пратеници албанци дека не сме биле еднакви пред законот што бил досега и тоа конкретно можам да го илустрирам со некои примери и да ги набројам на пример како сме дојдени во овој Парламент јас лично како пратеник на една изборна единица број 80 и некој мој друг колега кој исто така е избран. Јас конкретно ќе наведам и тоа дека од мојата изборна единица се наведени околу 30.000 граѓани со 18.500 избирачи , а во една соседна друга единица беше избран пратеник со 10.000 гласа ,во конкретниот случај да добие само со 2.500 гласа.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (продолжение)

По ова сакам да кажам дека со претходниот закон што беше досега на сила не сме биле еднакво претставени и токму заради тоа треба да се елиминираат сите тие слабости и форми на вакво дискриминирање. Очигледно, сето тоа не би било вака, ако оттогаш имаше одредена цел и одредено правило, но затоа мислам дека е ред да кажеме збор-два во една друга прилика.

Конкретно како пратеник или припадник на одредена политичка партија се залагам РМ да има еден изборен закон за пратеници во Собранието на РМ кој ќе биде во прв ред демократски, кој ќе гарантира и на граѓаните ќе им нуди практични можности за изразување на нивната политичка волја, потоа фер демократски избори, без мајоризација и без девалвација и потценување на гласот. Само така би можела да се врати довербата на граѓаните, кои веќе се сомневаат за се и сешто во овој контекст.

Една друга важна бариера, која беше, но за жал сеуште е и понатаму во овој законодавен дом, тоа е што досега не е најдено едно конечно решение за решавање на проблемите, кои веројатно не би се решиле со овој Закон, туку со една историска спогодба за која би се залагале понатаму и ден денес се залагаме, а тоа е мислам задача на идните парламентарци кои ќе бидат избрани. Сакам да кажам дали дојде до мајоризација, гласот на одреден електорат да биде изгубен односно да биде надгласан од гласовите на другите пратеници, без оглед што тука се повикуваме дека постои и живееме во едно демократско општество. Зборот ми беше дека и за овие работи треба да се најде и да се почитува тој механизам, по мое мислење се вика концензус во процесот на определување на националните права.

Тогаш ќе се увериме дека демократијата се претвори, ако што беше практика досега, во елиминаторна процедура, каде народот што е во мнозинство, во конкретниот случај, во стилот на "вис мајорис" го експлантира едновремено и го стеснува просторот на нормален развој на народот кој има помалку гласови, со што едновремено и ја загрозува демократијата бидејќи влијае на битните интереси на тој народ и го изгуби поимот консензус, за кој секогаш сме се залагале и веројатно и понатаму ќе се залагаме.

Оттука, уште еднаш укажувам и се повикувам на реалноста на практичноста дека РМ како што знаеме е мултиетничка држава и за жал во својот систем не го воспоставила механизмот кој ќе ја гарантира рамноправноста на сите етникуми кои живеат во оваа држава, конкретно во Република Македонија. И како што знаеме, во РМ и како што е моменталната состојба, пратениците македонци го определуваат степенот и количината на правата на албанците и како што знаеме донесуваат закони за интерес на еднонационална база и за штета на другата националност. Да не ги набројувам сите тие закони кои досега сме ги донеле тука и за кои сме сведоци дека како практика било така.

Овој механизам што произлегува од Уставот и законите истовремено е и механизам кој нашата судбина ја поставува во потполна зависност од волјата и интересите на политичките конјуктури на другите пратеници да кажам албанци, колку и да се добри во конкретниот случај и колку и да се влакитетни, да докажуваат дека едно правило треба поинаку да се регулира, тоа не би можело од причина што би биле надгласувани од другите пратеници од друга националност. Заради тоа треба да се открие и треба да се избегне таа обесправеност и да се бараат други механизми на работење кои ќе отворат дијалог, кој нужно е

потребен додека не е продлабочена да речам политичка криза, а со нашето задоцнување би можеле да дојдеме во непредвидени ситуации на кои понатаму не би можеле да излеземе во пресрет.

Инаку, сегашната Влада, иако со некои периферни обиди инсистираше, во конкретниот случај и овој Парламент, некои проблеми да ги амортизира, барем досега не успеа во тоа, бидејќи остануваат и многу дамки кои се резултат на перманентно гетоизирање на одредени права и на нас албанците, кои на пример во поглед на разбирање кон употреба на јазикот, застапеноста во институциите на системот, како и симболично, без оглед што во тој поглед нешто симболично е направено и во поглед на високото образование на мајчин јазик, што го нарушува и угледот на државата и по мое мислење и степенот на дмеократичноста.

Сето ова едновремено и се поврзува со предложениот закон, кој треба да има за цел воспоставување на едно правило во правец на рамноправноста на гласот на граѓаните, без оглед на која припадност се.

Поради сите овие околности цениме дека, како што рече еден од пратениците од мојата пратеничка група дека најадекватниот или најдобриот модел кој ни одговара или одговара на нашите услови е пропорционалниот систем, базирајќи се и на образложението што беше дадено во Предлогот на законот. Значи, има повеќе позитивности, но по наше мислење е поприфатлив и од стапување од утврдениот број на граѓани, што беше како бројка наведено еден спрема 19 илјади, ако се прифати моделот за повеќе изборни единици, изборната единица да изнесува плус односно минус 20%, туку тој процент да се намали и да изнесува 5%, што би значело дека ќе се имаат предвид или ќе имаат предност и помалите политички партии да бидат застапени во овој законодавен дом.

IV/4.-

Во поглед на предложениот закон, да се додаде и обврската надлежниот орган на политичкиот орган и другите субјекти да се достави избирачкиот список, значи изводите од единствениот избирачки список и поодделно за сите избирачки места, со што би се отстраниле сите тие сомнежи и можности за одредени манипулации со изборното тело.

Исто така, треба да биде обезбедена еднаквоста на позицијата и опозицијата, со тоа што членовите на изборните органи од државата и Изборната комисија до избирачкиот дел треба да бидат на паритетна основа, односно да бидат еднакво застапени, што во предложениот текст како таков мислам треба да има измени и мислам дека и министерот и другите надлежни тоа треба да го имаат предвид. Голема улога има и регулирање на обврската за доставување на сите записници од избирачките одбори и Изборната комисија до претставниците на кандидатите, односно другите надлежни за таа работа. Станува збор за политичките партии се до приемот на гласачкиот материјал, кој потоа треба сигурно да влее и да се достави до надлежното место и да се утврди конечниот резултат.

Со голема важност е, а верувам и некои други пратеници тоа го спомнаа, би требало децидно со овој Предлог закон да се предвиди и медиумското претставување на сите учесници во изборите, за да можат подеднакви да бидат сите претставени. Мислам дека овој сегмент можеби е поважен од другите сегменти, бидејќи само таа форма на пропагирање на одредени политички партии или нивни претставници би можело да се изјаснат пред јавноста за што ќе се залагаат и како понатаму тие ќе бидат ангажирани во таа процедура.

Што се однесува до кандидатите кои ќе бидат предложени за пратеници, политичките партии треба децидно и јасно да докажат

со веродостојни пријави на своите членови, а не врз основа на регистрацијата, со што би се одбегнало повластувањето на политичките партии во однос на група граѓани кои би можеле да предлагаат и тие што имаат право да предложат кандидат или независен кандидат, што како што знаеме е и досегашна практика.

Прифаќањето на пропорционалниот модел во една изборна единица сигурно најдрастичен и најекономичен, бидејќи тоа беше и речено, и истиот го валоризира секој даден глас од граѓаните, што едновремено нема повторување и нас како држава не ослободува од донесување на закон за изборни единици, што не би било лошо, да речам пропорционален модел со 10- 15 изборни единици, практика што се применува во многу демократски држави во светот.

Да не должам многу, веројатно сите овие забелешки ќе ги имаат предвид конкретно министерот и предлагачите, како и другите забелешки што беа дадени од страна на некои пратеници, за да можеме да донесеме еден закон кој би бил прифатлив за сите нас, а што е најинтересно би бил и најекономичен, најпрактичен и во иднина нема да допушти некои слабости за да може некој да каже дека со овој закон бил хендикепиран и не можел да биде застапен како што треба. Веројатно со овие забелешки, оние што беа и што ќе бидат дадени, мислам дека конкретно кога ќе се донесе законот ќе биде поконкретен и ќе биде во интерес на сите нас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наџи Пурде.

IV/6.-

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседател, господине министре, почитувани колеги пратеници, подобро со задоцнување отколку никогаш. Овој Предлог закон значи добро би дошол за сите нас, да се исправат некои неправди за кои неправди можеби сите се чувствуваме виновни. Секако во овој концепт доаѓа предвид и една стара латинска изрека која вели: "Темпора мутантур, етнос мутамур интилис", што во превод значи, времињата се менуваат, а и ние ги менуваме нашите сфаќања со промена на тие времиња. Со овој предлог значи ќе анулираме некои наши негативни работи во овој поглед.

Овој Предлог закон за кој расправавме вчера, а расправаме и денес, има голема важност, како што истакнаа голем број наши колеги, за идните парламентарни избори, затоа што актуелниот закон по кој се одвиваат претходните парламентарни избори даваше објективна можност добар дел од гласачите да се чувствуваат индиферентни или поблаго речено губитници каде што секаде истиот глас не создаваше чувство на сигурност за својата ефективност, создавајќи диспаритет во валоризацијата на истата, значи во валоризацијата на гласот. Со актуелниот закон за избор на пратеници во Собранието на РМ се создава плодно земјиште една партија, а тоа значи најсилната со коалиција или без неа да стане доминанта, дури би рекол и монополистичка и да создава закони по свој вкус и по свои мерила, под изговор за стабилноста на Републиката и да ги импонира истите закони, за кои само таа, значи поголемата партија мисли дека се продуктивни и плодотворни со своето механичко кревање на рака ги остварува сите свои желби во проектирање и создавање на својата економска и друга политика. Стеснувајќи го просторот до максимум на другите партии и нивните опции и всушност, условно би рекол, ја води земјата кон монопартизам.

IV/7.-

Понудениот Предлог г- закон за избор на пратеници отвора можност донекаде оваа појава да се надмине и колку толку да се демократизира изборниот систем во Републикава со своите два модели и нивните варијантски можности за ,кои вчера и денес доста се дискутираше.

Како пратеник на ДПА ја поддржувам втората варијанта на изборниот модел, а тоа е пропорционалниот модел и целата Република да биде една изборна единица. Оваа варијанта ја фаворизирам бидејќи мислам и сум убеден дека таа ќе ги анулира недостатоците на актуелноит изборен систем и ќе оневозможи многу аномалии што ги создава истиот во својата апликација.

Новиот закон, што е најважно, ќе создава услови секој да се чувствува сигурен, и неговиот глас ќе има иста тежина и на ист начин ќе се фалоризира, односно вреднува во сите краишта на нашава Република.

Второ, изборите, како што кажаа и многу наши колеги, нема да создаваат големи трошоци и оптоварување на Буџетот на државата, затоа што епилогот ќе се види уште во првиот круг. Политичките партии ќе се чувствуваат многу порелаксирани.

V/1 СП/НД

**НАЏИ ПУРДЕ:** (Продолжение)

Ќе се чувствуваат посигурни затоа што се создаваат услови за нивно поголемо учество во телата на законодавниот дом т.е. во Парламентот Со овој модел значи со пропорционалниот ќе се создадат услови за поголема демократизација на изборите, ќе се стеснува просторот на неапликативна и квази демократија на монополизам во поделба на власта, ќе оневозможува апсолутизам на една партија во работата на Парламентот, ќе оневозможува радикализам и непотизам на истата, ќе создава услови на прав демократски плурализам.

На крајот имам уште една забелешка за членот 11 од овој предлог закон, каде се предвидува членовите на Комисијата и нивните заменици мислам на државната комисија, да бидат именувани само од петте политички партии кои на последните избори за пратеници освоил најмногу гласови. Предлагам во таа изборна државна комисија да бидат вклучени и членовите на ДПА затоа што токму оваа партија на последните локални избори доби голем број на гласови и таа индикација дек оваа партија во иднина ќе има големо влијание во парламентарниот живот и политичкиот плурализам во нашата Република.

Земајќи ги предвид сите неправилности и манипулации што се направени со актуелниот изборен закон, предлагам Министерството за правда да изврши корекција на новиот предлог закон и токму во неговиот член 11 каде застапеноста на ДПА со своите претставници во државната изборна комисија ќе биде правна и во другите одговорни тела за спроведување на идните парламентарни избори.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Настоски.

V/2.-

Господине претседателе, господа колеги, јас се плашам од едно дека по толку дискусии нормално е нешто да се повтори во дискусијата, бидејќи од прилика сето беше кажано, но сепак би кажал неколку работи кои се однесуваат на овој закон со тоа што со самиот факт што овој закон се споредува со значење на донесувањето на Уставот односно по донесувањето на Уставот на најзначаен политички акт кој ќе биде донесен во нашата држава нормално е да се предизвика и ваква заинтересираност не само овде во собраниската сала, туку и во јавноста во државата.

Дел од работите кои мислев да ги кажам околу овој закон ги кажав во Комисијата за политички систем во комисиската расправа каде беше изнесено моето видување за законот. Нормално дека ова е мој личен став кој мислам дека кореспондира и ќе кореспондира со ставот на партијата во однос на тоа каков треба да ни биде идниот изборен модел за избор на највисокото законодавно тело во државата. Мислам дека уште од самиот старт се прават огромни политички грешки кои можат да нанесат огромна политичка штета во државата. Уште не влезен во процедура законот за избор на пратеници се создава еден лош политички амбиент каде се создава, предвреме, алиби за неуспех на некои политички партии, дека ако не биде по наше ако не биде онака како што ние мислиме, тогаш немаме добар изборен модел, немаме добар закон, немаме фер и коректни избори. Само ако биде онака како ние што сакаме, тогаш ќе имаме фер и коректни избори. Дел од господата кои го пропагираат овој политички амбиент во Македонија до вчера беа во позиција. ВО минатите избори во тој изборен модел таков каков што беше и тие ги заработуваа своите гласови и своите пратенички

V/3.-

мандати. Сега е многу лошо да се плука по нешто во кое лично биле актери и самите. Тоа е она политичка тежина која на одреден начин кажува за една политичка несериозност во однос на изнесување на непостоечки аргументи. За мене е смешно еден колега пратеник тврди дека е многу поголем легитимитетот на пратеник кој е избран на пропорционален систем односно ќе биде поголем отколку политичкиот легитимитет на пратеник кој е избран по мнозински систем. Па, господа на мнозинскиот систем ние излегуваме со име и презиме, со целокупниот свој политички багаж и авторитет што го имаме во средините каде живееме и нормално познавајќи ги сите наши доблести, слаби страни и добри страни луѓето - гласачите, граѓаните на оваа држава се определуваат на кого да му го дадат мандатот. Не се вклопуваме во партиското сивило, не се криеме зад партиската листа, туку со својот авторитет излегуваме пред граѓаните и не знам кој легитимитет е поголем ако гледаме од тој аспект. Дали тоа што го добил пратеникот лично со својот авторитет или оној пратеник ако биде некаде 70-ти или 80-ти на листата на која и да било политичка партија. Само од овој аспект тргнувам дека мнозинскиот систем дава можност во овие политички услови во кои живееме да дојде до израз авторитетот на личноста, авторитетот на човекот за кој треба да гласаат гласачите односно бирачите во државата, а другото ќе се вклопи во тоа партиско сивило. Си поставувам себе си едно прашање а воедно и пред македонската јавност дали дел од политичките партии немајќи доволно авторитетни луѓе не се кријат точно зад тој пропорционален модел со цел да можат своите политички слабости, односно слабостите на политички личности како единки да ги прикријат преку пропорционалниот модел.

V/4.-

Само како пример ќе кажам дека ако се има во предвид дека на еден, се извинувам што ќе го повторам еден колега што вчера го кажа, но само сакам да го потенцирам тоа дека на еден на еден избор во изминатите локални избори каде имаме пропорционален и мнозински систем дојдовме до една реална вистина тогашната Либерална партија нема ни едно градоначалничко место а има речиси во секој совет добиено по пропорционалниот систем добиено неколку места во советите што значи она што не можеле со своите личности да го остварат тие го оствариле преку тој збир на пропорционалниот модел. Затоа можеби таквото бараше да биде Македонија една изборна единица. Јас овој закон односно ова барање да влезе во законот Македонија како една изборна единица би го прифатил ако претходно не го донесовме Законот за територијална поделба на Република Македонија каде формиравме 123 општини. Каква ќе биде можноста за регионална или територијална застапеност на тие општини во највисокото законодавно тело, бидејќи ако се тргне по пропорционалниот модел она што и другите колеги го рекоа дека тоа ќе биде на одреден начин на првите места ќе се најде партиската елита на сите политички партии, тогаш таква е можноста по локална застапеност определени пратеници влезат во законодавниот дом и ги застапуваат интересите на граѓаните од оние места од каде се избрани. Ако тоа го вулгаризираме ќе дојде во ситуација барем граѓаните ќе знаат кого да опцујат за определени не завршени работи во својата изборна единица ако знаат кој е пратеник од нивната изборна единица. Тоа е онаа крајна вулгаризација на Законот кој се бара инаку вака ќе се доведеме сите во ситуација да се вклопиме во партиското живеење без можност индивидуалното политичко опстојување да дојде до израз.

V/5.-

Овде се кажа дека тоа се работи со цле малите политички партии да можат да влезат во законодавниот дом. Веднаш една противречност и една контрадикторност во изнесувањето на ставовите. По една проста математика во сегашниот број на избирачкото тело за да една политичка партија добие свој пратеник треба да има минимум 12 илјади гласови. Додека при мнозинскиот систем со добро избран кандидат во некои помали средини можат да се добијат четити до пет илјади гласови кандидатот на определена политичка партија со авторитетот кој го ужива во местото на своето живеење придонесе таа политичка партија да биде застапена. Значи огромна е разликата меѓу 12 илјади и четири до пет илјади иако знаеме дека дел од нашите колеги пратеници се влезени тука со 1500-1600-1700 гласови. Дали се губи легитимитетот на гласачите ако имаме пратеник со 1600 или 1700 гласови во однос на другите гласови кои не се влезени? Па, кој знае кој од граѓаните за кого гласал? Односно тие 1600 гласови никој не знае од кои граѓани се дојдени и секој граѓанин има право да му се обрати на пратеникот и да побара определена помош од него бидејќи тој е сепак претставник на тој регион, на таа општина, на тоа село или населено место, а вака кога ќе се дојде во една ситуација пратениците да се бираат преку пропорционалниот систем дел од граѓаните не ќе знаат на кого да се обратат, односно обраќањето треба да оди преку политичките партии.

Прашањето дали овој закон односно пропорционалниот модел упатува на поголемо коалицирање. Јас мислам дека вториот круг на изборите при мнозинскиот систем дава многу поголема можност за коалицирање отколку при првиот круг кога секоја партија се смета доволно политички јака да може да дојде до оној определен консензус

од 12 илјади гласови, а во вториот круг кога партиите ќе ја видат вистинската сила на својата политичка моќ,тогаш може во вториот круг да дојде до определени коалицирања со цел поголем број на политички субјекти бидат застапени во парламентарниот дом.

Тврдењето дека од една страна ова се прави за малите политички партии од страна на еден колега, а од друга страна барање минимумот членство од тие политички партии се подигне на две ипол илјади членови е сосема контрапродуктивно и спротивно на она што претходно го кажа. Од една страна се леат солзи за малите политички партии, а од друга страна се бараат измени во Законот за политичките партии каде што со закон е пропишано дека политичка партија може да се регистрира со 500 членови. Сега се бара тоа да се покрене на 2500 членови. Мислам дека сите аргументи кои ги изнесуваат на одреден  начин претставниците на опозицијата и парламентарната и вонпарламентарната опозиција претставуваат само можност лидерите на политичките партии единствено влезат во Парламентот. Тоа е крајната цел на пропорционалниот модел. Ако не може како личност, тогаш затскривајќи се зад авторитетот на партијата која ја застапува да може да влезе. Ако се донесе пропорционален модел ќе биде модел за лидерите на политичките партии во Македонија тие да можат да влезат во Парламентот и се создаде еден, условно речено партиски елитистички парламент кој нема во буквална смисла да ги отсликува потребите и барањата на граѓаните.

Поради ова кажувам дека го поддржувам Законот за избор на пратеници со целосен мнозински систем или во најлош случај она што е предложено со 80 пратеници по мнозински систем и 40 пратеници по пропорционален систем каде ќе може определени политички партии

V/7.-

точно на тие 40 пратеници по пропорционален систем да си ја измерат преку волјата на гласачите својата политичка сила во државата. Точно заради рејтингот на партиите можеби е добро да се има тој број на 40 пратеници кои ќе влезат по пропорционалниот систем за да точно партиите си ја видат политичката моќ во државата и понатаму да нема препукување во однос на тоа која политичка партија е посилна или појака во овој даден политички момент во државата.

За да не дојде до некое недоразбирање на одреден начин низ разговори со граѓаните не само во мојата изборна единица, туку и во мојот град повеќето од граѓаните се за тој мнозински систем бидејќи знаат за кого ќе го дадат својот глас, знаат за кого ќе гласаат и кој ќе ги претставува во наредниот пратенички мандат.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Го1пев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре, по втор пат расправаме за нов изборен модел во Република Македонија и поаѓајќи од фактот дека помина поголема временска дистанца во врска со градењето на тој законски проект можеме слободно да кажеме дека во ова време во кое расправаме сега по законот сме побогати во научна и теоретска смисла од една страна, а од друга страна сме побогати во практичната примена на изборниот модел во РМ , па оттука можеме пореално гледајќи ги односите во врска со спроведувањето на изборниот модел во РМ и на градењето на парламентарната демократија која историјата не ни била обдарена да ги користиме благодетите на либерално демократската опција во

V/8.-

градењето на парламентарниот систем и претставничката демократија, па оттука може слободно да се каже дека изборите се еден од најглавниот и основен елемент во градењето на претставничката демократија каде државјаните ги бираат своите претставници во Парламентот од една страна, а од друга страна значи пренесување на суверенитетот на народот на оние кои ги избрал во мандатниот период тие да одлучуваат заедно со него, а тоа значи во суштина творење на претставничката демократија која еве денеска ја имаме.

Основна цел во врска со демократското владење е владењето на мнозинството, но основано се поставува прашањето на кој начин се формира тоа мнозинство за да може тоа мнозинство да владее во онаа земја каде се применува, па оттука се правени многу расправии за моделите како и на кој начин се формира тоа мнозинство за да една политичка опција владее во државата.

Уште во 1910 година кралската Комисија на Британија во тој момент утврдила дека во светот постојат повеќе од 300 илјади модели, а сега во таа временска дистанца ние можеме да видиме дека во развитокот на оние транзициони земји кои ја градат парламентарната демократија стои дека има огромен број на изборни модели но во суштина тие се сведуваат на два тоа е мнозинскиот принцип и пропорционалниот принцип.

Илузорно е да се расправа дека некој изборен модел ќе ги даде соодветните резултати и ќе биде оној модел кој најреално ќе ја одрази волјата на граѓаните и кој ќе создаде во земјата најфлексибилна власт која институциите на системот ќе функционираат од една страна, а од друга страна ќе бидат артикулирани сите различни интереси во тоа општество во кое живееме.

V/9.-

Поаѓајќи од тие два постулати секогаш останува борбата меѓу научното сознание на модусот како дадените гласови се претвораат во мандати од една страна, а никогаш не треба да биде занемарена политичката моќ од конфигурацијата на политичките сили кои делуваат во одредено општество. Оттука судрени двата критериум! еден со друг треба во суштина да дадат еден пообјективен модел за избори во РМ каде во суштина ние ќе ги амортизираме сите спротивност од една страна, а од друга страна ќе создадеме флексибилен и успешен правен систем во РМ каде ќе продолжиме со тенденцијата на демократските процеси кои ние во суштина ги почнавме со донесувањето на Уставот на РМ и кои еве до ден денеска го градиме тој парламента- рен систем.

Кратко е времето на двата изборни мандати да се кажат со сигурност позитивните и негативните страни на моделот но кога се поставува критичката основа за донесувањето на нов законски проект тогаш апсолутно се тргнува од мислењето на германскиот политиколог Нихелс каде кажува дека по два критериуми треба законот да одговори а тоа е во кој степен го задоволува сопственото начело на претставување на нашиот изборен модел и вториот дали одговара на историските и социјалните политички услови кој ги имаме во земјата нашиот модел. Иако во историјата секогаш дадениот модел во дадени услови не ги дава очекуваните резултати што и кај нас се покажа ние имавме мнозински принцип кај нас со апсолутно мнозинство во суштина требаше во РМ со тој мнозински принцип да имаме двопартиски систем но во првите и во вторите избори се покажа дека тој принцип во суштина не ги даде резултатите кои се очекуваат од неговото научно и теоретско гледање.

**ТУШЕ Г0ШЕВ:** (Продолжение)

Практично применувајќи го тој модел даде и некои квалитети или негативни и позитивни страни кои не можеа да се предвидат со самиот модел како наука која го дава и како цели кои се постигнуваа од примената на тој модел. Поаѓајќи од тоа јас сакав и пошироко да дискутираме, но бидејќи расправата беше доста широка, сакам да кажа само уште неколку збора во врска со бирањето на моделот кој ќе значи и преведување на мандатите во нашиот претставнички дом. Република Македонија со сигурност не може да каже ако радикално го промени моделот дали ќе постигне и позитивни и негативни страни затоа што не постои ниту научно, ниту практична оценка во врска со тоа. Но, стои прашањето дека изборниот модел треба да биде променет од причини што од една страна Република Македонија да има стабилна власт стабилна Влада, да ги продолжи сите процеси кои ќе значат демократизација на општеството од една страна, а од друга страна да овозможи етаблирање на политиката на одредени политички партии во земјата каде во суштина ќе значи збогатување или утврдувањето на силата на политичките партии кои ги имаме во државата. Па оттука критикувајќи ги и двата модела мнозинскиот и пропорционалниот како негативна страна на мнозинскиот принцип е дека некоја политичка партија може да ги добие изборите во една земја , а на ниво на цела земја собрани гласовите дадени во мнозинскиот принцип може друга политичка партија која ги изгубила изборите да има повеќе гласови од таа политичка партија која ги добила изборите со мнозинскиот принцип. И основна критика на мнозинскиот принцип е тоа дека реално не ја одразува волјата на граѓаните, или реално секој даден глас нема еднакво значење

VI/ 2.-

во Република Македонија што ни едната страна не треба да се пренабрегнува, ниту пак другата страна во давањето на аргументацијата. Оттука поаѓајќи од позитивната страна на пропорционалниот модел дека секој глас даден има; еднакво значење и дека секој глас ќе значи и материјализирање во соодветен пратеник по принципите кои ги утврдува законот во Парламентот. Тоа значи дека негативната страна на мнозинскиот принцип и позитивната страна на пропорционалниот принцип да приближно реално ја одразат вистинската волја на граѓаните во Република Македонија. Оттука како и првиот пат се залагаме за комбинираниот модел за избор во Република Македонија каде доминантен ќе биде мнозинскиот принцип од причини што на Република Македонија и е потребна стабилна Влада и стабилна власт од една страна, а од друга страна преку пропорционалниот модел да го подобри квалитетот на парламентот, да го подобри значењето на гласот даден на секој граѓанин во Република Македонија дека сепак ќе се материјализира во соодветен пратеник од друга страна. И на крај судрени двата модела во Република Македонија да створат еден флексибилен правен поредок во земјата кој реално ќе ги артикулира различните интереси кои ги створивме со новото уставно уредување во Републиката. Тука во суштина треба да се движи донесувањето на новиот закон кој еве го нудиме денеска и кој сметам дека номотехнички е успешно направен како модел кој нуди дефакто два модели, а тоа е комбинираниот систем и пропорционалниот систем од една страна, дека содржи демократски институти кои ќе овозможат фер и демократски избори во Република Македонија, содржи институти кои ќе го штитат демократското право на глас во Републиката, иако сум присталица да биде законитоста на спроведувањето на изборите на повисоко ниво и предлагам работата на органите на изборите во нејзиниот кворум да се подобри

во суштина ние ќе имаме по законити избори во Републиката и ќе имаме се помалку спорови во крајните инстанци кои ќе решаваат за разрешувањето на споровите во врска со спроведувањето на изборите.

И на крај сакам да кажам за казните и ако ние ги зголемиме казните да бидат драконски казни во суштина кој решил да го крши законот за да ја постигне целта ќе ја плати казната. Јас не сум за казни со драконски карактер, туку сум за тоа кој го прекршил законот, кој спровел избори спротивно на законот да се поништи изборот и со плаќањето на казната да не се постигнува и целта. Посебно внимание сакам да обрнам на процесно правните дејствија кои ќе предизвикаат во давањето на роковите , учествувањето на сите органи во изборите кои треба да бидат синхронизирани и да не се случи да имаме тесни грла во врска со спроведувањето на самиот законски проект кој практично треба да го реконструираме од една страна, а од друга страна да го подобриме законскиот проект во поедноставувањето на донесувањето на решенијата без ставање на позитивна енумерација на одредби кои ќе значат во суштина по законито работење на комисијата а на кај неефикасно створен правен поредок во врска со спроведувањето на изборите. Нудењето на едностран модел во Република Македонија, а тоа е пропорционалниот модел мислам дека и професорот Никелс расправајќи дека нудењето на таков модел само да се пресади во Репулика Македонија без да се почитуваат историските, колективното памтење , да се почитува политичката култура на населението, мислам дека на малите политички партии пропорционалниот модел ќе им дава прилика да влегуваат во парламентот кое ќе значи огромна фрагментација во Република Македонија од една страна, а од друга страна ќе се руши непосредноста на граѓанинот во врска со бирањето на својот

кандидат во парламентот како негативна страна на пропорционалниот модел. И на крајот во Република Македонија со нудењето на радикална промена за воведувањето на пропорционалниот модел уште при неетаблирани политики , неопределени луѓе по политички опции и ќе имаме огромна флотација на гласачкото тело од едниот во другиот круг, дефакто во суштина Република Македонија ќе имаме задоволување на мал» политички моќници кои ќе сакаат да имаат и политичка моќ во власта на Република Македонија, а во суштина нема да овозможат да власта ефикасно функционира и ги артикулира сите интереси кои еве се определивме за тоа општество да го градиме.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван господин министер, имаме прилика не така често во нашата пракса да разговараме за решение кое не е дадено во ригидна форма од страна на Владата, значи дадено е со алтернативи кои мислам дека со оглед на фазата е соодветен пристапот на ресорниот министер. Дозволете уште на почетокот да кажам дека покрај тоа што имаме формално неригиден пристап за изборот на моделот, исто така мислам дека наидуваме на еден исто така неригиден став во досегашните настапи на господинот министер Спасов, општо во расправата не само во овој парламент и со изјавите кои се даваат со една голема доза на добра волја и отвореност за сите предлози. Иако имам исто така впечаток дека не секогаш на таков начин се примаат од страна на одредени пратеници и партии, меѓутоа имам исто така длабок впечаток дека отвореноста и добрата волја кон сите предлози на г-динот министер во овој момент е една од доблестите во разговорите по овој закон. Иако лично имам мислење дека кај мене превагнува ставот иако се наоѓаме во такво временско димензионирање на роковите , мислам

дека превагнува ставот дека не е лошо да се размисли законот да оди во една процедура од три фази што значи дека идниот пат би разговарале и за нацртот. И мислев дека во една таква динамика ќе биде многу битно првава расправа денес вклучувајќи и некои од расправите на партиите и субјектите кои не можат да бидат презентирани во парламентот, знали вонпарламентарната опозиција, па да речеме и јавноста која е на стручен, или на друг начин заинтересирана да дадат горе, доле еден модел по кој ќе разговараме во втората фаза како технички би се применил. Значи сите оние елементи за кои разговараме мислам повеќе отколку што треба во оваа фаза, а тоа се елементите на процедурата на гласање, кандидирање, утврдување на резултати и т.н. би биле една посуптилна и попрецизна филигранска расправа во нацрт фазата и на тој начин ќе можеме да изведеме еден закон кој ќе биде подолготраен. Овие денови во расправата да се концентрираме пред се на моделот. И тоа гледам има и различни залагања . Еве однапред априори да се изјаснам дека за мене не би бил туѓ заклучокот на Собранието да Владата во наредниот период излезе со нацрт закон во кој ќе достави без алтернатива еден модел на избори и би расправале веќе во втората фаза со овие сите други поединости кои исто така можат да бидат значајни. Затоа што мислам дека расправата при веќе конципиран модел за разлика од овој кој сега нуди три вида и уште од два три кои тука се иницирани на самата расправа го отежнува процесот на остварување на техниката на изборите. Секој модел си бара посебна техника од фазата на кандидирање, се разбира до фазата на финансирање, па и до фазата на утврдување на резултатот. Инаку сакам да истакнам едно мое бескомпромисно уверување дека околу изборот на моделот, а тоа е дека сите модели се демократски. Јас не би одел априори со став

дека некои модели се по демократски, некои се по не демократски Априори би одел цврсто уверен дека сите модели на плуралистички избори се демократски. Можеме да разговараме за попримерни или поефикасни модели во одредено време и одредени подрачја во одредени држави. Ако се сложите со таквата констатација мислам дека не би требало да употребуваме изговори дека одредени модели се недемократски. Мислам апсолутно дека од двата крајни модели кои овде ги ставам на двете крајности од лепезата на изборот, а тоа е постојниот мнозински модел чист и оној на другиот крај кој сега еве го протежираат ЛДП, ПДП и групата од ПДПА и НДП со една изборна единица со целосно пропорционален модел кој за мене се две крајности на изборните модели, исто така се демократски и сите, целата лепеза између нив е целосно демократска. Едноставно се работи за попримерено решение во одреден момент, меѓутоа никако не би се изјаснил дека еден од нив е помалку, или повеќе демократски со такви градации на нивната демократичност. За мене имајќи предвид тоа што на почетокот го кажав во оваа фаза би било следново, да се даде вклучувајќи и други мислења, меѓутоа сепак е јасно дека парламентарното решение единствено може да биде насочувачко за Владата во доволна смисла, тоа е дека не треба да се определиме за ниеден чист модел, а тоа е целосно мнозински, или целосно пропорционален со една изборна единица. Иако по мое уверување за жал двете најголеми опозициони партии и некои од позиционите партии токму тука ги гледаат излезните решенија, односно парламентарната опозиција бара една изборна единица со 120 пратеници, додека да речеме ВМРО-ДПМНЕ како вонпарламентарна се изјасни во неколку наврати дека за нив е најприфатливо дефакто постојното решение. Јас

мислам дека средината на овие две би била најсоодветна, нема да ги образлагам причините, затоа што многумина ги образлагаа, од прилика се тие. Проблемот е на политички избор. Јас би прифатил решение кое се движи помеѓу варијантите на комбиниран модел од границите на 60 пропорционални и 60 мнозински места во парламентот до границите на 80 на 40 во корист на мнозинскиот модел. Се разбира како сите Вие што се изјаснивте со своите видувања јас лично се изјаснувам во оваа насока и сметам дека тие модалитети веќе не би биле толку за мене проблематични да се изјаснам кога би варирале во тој сооднос 60, 60 до 80,40. Веројатно 5%, 10% и повеќе зависно од кавги изборни единици и географски ќе се креираат. Меѓутоа мислам дека тоа би било нешто што е најсоодветно и за да не ги образлагам аргументите и контра аргументите кои реков доста се овде веќе аргументирани , ќе кажам две три што мислам дека вреди да се потенцираат уште еднаш. Првото е дека сеуште сметам дека во Македонија секој регион, односно секој жител на одредена територија без разлика колку голема е таа конципирана , дали е конципирана како сегашните 120 изборни единици, или дупло поголема, или тродупло поголема да речеме со 30-тина и повеќе илјади гласачи на еден пратеник на мнозинскиот систем мора да има свој репрезент во парламентот и дека целосната пропорционална листа би напуштила нешто што за мене е многу битно во Македонија, а тоа е што се образлагаше да бидат претставени и на тој начин граѓаните без разлика на големината на претставништвото од страна на еден пратеник,да се избегне страшна политичка концентрација на власта на градот Скопје која сега во парламентот не може да доминира, меѓутоа ние гледаме кога партиите се во функција да одлучуваат без разлика дали се тоа сегашната позиција, или претходната позиција. Еве и сега

сегашните опозициони партии кога беа во позициона улога, кога доаѓаа во ситуација да концепираат власт вон од парламентот извршна, или друга, па дури и партиска, па сопствена власт ја конципираат од градот Скопје. Значи ако живееме во период во кој нужно извршната па дури и другите власти во државата се скопјецентрични, тогаш мислам дека парламентот би бил еден од државните органи каде што порамномерната регионална застапеност, или апсолутно добрата регионална застапеност би била приоритет за државата за да не добиеме центроскопска Македонија. Исто , така мислам дека целосната пропорционална листа би вовел систем на владеење во парламентот која ќе се присликува и во извршната власт на така наречена партократија и сметам дека апсолутно не е потребно партократијата да јакне толку многу во однос на поширокатa партиска организираност што одразува и соодветни интереси, се разбира граѓански во Република Македонија. Инаку опозицијата изразува едно за мене непотребно обвинување дека на крајот на краиштата ќе се избере оној модел кој ќе одговара на онаа партија која е мнозинска и која ќе може да го донесе тоа . Јас да Ви кажам веднаш ако СДСМ се понесе по тој принцип од таканаречени тесно партиски интереси кој за мене е збор апсолутна кованица на луѓе кои не ја прифаќаат плурализацијата на општеството, таканаречениот теснопартиски, односно партиски интерес за СДСМ е постојниот модел. Мислам дека апсолутно ни опозицијата не гаи илузии дека на СДСМ и одговара друг модел од аспект на тоа со истиот број на гласови колк; пратеници ќе освои во парламентот. Ако е така, тогаш тој модел не би требало ни да го менуваме. Нас ни одговара, како што им одговара на сите големи партии како и на ВМРО-ДПМНЕ, мнозински модел со 120 изборни единици, со 120 пратеници. Ако тој модел го

гледаме како партиски интерес верувајте дека тоа ќе го направиме. Меѓутоа, проблемот е што ние, еве и јас се изјаснувам во друга насока, обвинувањата сакам да ги отфрлам дека гледаме и пошироко од тој интерес. Јас исто така, прифаќам дека соодветна политичка репрезентација или претставување во парламентот е потребно и на соодветни други политички, апсолутно одбивам да го употребувам и другиот етнички термин, политичка презентација во парламентот е потребна и на соодветни политички партии кои ќе добиваат проценти кои во мнозинскиот систем ќе ги снема, мислам како што и ги снемува во двата изборни модели иако и тие се сосема демократски. Меѓутоа сметам дека е потребна таа и затоа сметам комбинацијата ќе биде поидеално решение на овие два система. Инаку ако ние одиме од она што не обвини опозицијата и од оваа говорница дека ќе го следиме тој партиски интерес, нашата логика би била таа, ние нема да ја следиме. Не се изјаснувам во има на партијата, немам таква намера, се изјаснувам во сопствено име како пратеник на СДСМ, дека нема потреба и ќе се залагам да не ја следиме таа таканаречена, таканаречен партиски интерес.

VII/1/ДВ/лј

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Исто така, сакам да укажам, иако ќе звучи чудно дека ние сме обвинети дека ние ќе го бараме партискиот интерес, токму од оние партии кои промовираат модел со партиски интерес. На пример некои од партиите промовираат целосно пропорционален модел со една изборна единица во РМ, што мислам дека е нивни партиски интерес. Барајќи го тој партиски интерес го обвинуваат СДСМ, дека ќе гради свој партиски интерес, иако ќе се изјаснам дека некои од квантитативните или математички симулации на моделите кои се предложени и особено моделот 120 на една изборна единица за цела Република, покажуваат полоши резултати за опозиционата партија во парламентот, отколку што би биле некои други модели. Меѓутоа, сепак, они тоа го протежираат иако симулацијата на моделите за нив се неповолни за една таква варијанта. Меѓутоа, мислам дека тоа е проблем на соодветен избор. Во тој правец можам да оценам дека ЛДП, понекогаш, па дури мислам дека и конкретно за овој закон се однесува како еден романски гроф од трансилванија на кој постојано за опстанок му е потребна соодветна свежа крв, но нема интерес таа да ја создава во сопствената коскена срж, каде што нормално се создава потребата за свежа крв, туку ја бара на друго место, значи надвор од сопствениот субјект и на тој начин ја добива таа карактеристика на романскиот гроф мислам дека токму таа позиција се оптоварува со непотребни детали по повод овој закон, наместо да го гледа проблемот на градење на соодветен изборен модел кој ќе изврши соодветна репрезентација на политичките и други интереси во РМ, соодветни регионални и други. Едноставно многу лакомски, лесно се определија да вршат притисок на Владата, односно притисок за донесуваше на закон со тој фамозен модел кој апсолутно е непотребен

на тој модел. Така едноставно се изјаснува дека тоа е моделот, а тежиштето на расправата и притисокот се префрли на детали кои мислам дека се едноставно лесно решливи и се префрлаат во сферата на тоа дека изборите ќе бидат фер или не фер, се разбира, зависно од тоа дали власта ќе биде освоена или не. Значи кога сме во власта изборите се фер, кога не сме односно кога ќе ги изгубиме изборите тие се не фер. Меѓутоа, ако се споиме со партија која добила на тие избори, ќе заборавиме, па тогаш се фер, па бараме набљудувачи, како да е Македонија малолетна држава.

Јас сосема го поддржувам г-динот Спасов како го образложи моделот за набљудување. Едноставно на Македонија набљудувањето не и е товар. Меѓутоа, толку големо инсистирање од интерни фактори во државата за набљудување, упатува на сомнежот во незрелоста на државата. Дури и тие кои се покануваат, јас ќе потсетам дека во последните два или три изборни циклуси тие ги оценија изборите за фер или демократски. И локалните и претседателските и последните парламентарни избори. И што е најчудно, на пример некои од институциите и на последните парламентарни и на последните локални избори оценија, зависи од овие институции кои треба да ги посматраат во име на меѓународната заедница нашите избори, оценија дека нема потреба од набљудување од вториот круг затоа што првиот покажува соодветна зрелост на државата, демократски и фер да ги организира изборите. Мислам дека тоа е едно непотребно форсирање и повеќе ми личи на алиби ситуација отколку на суштинско барање на решенија, вградување во законот што е сосема и рационално за набљудувањето.

Професионализацијата на пратениците ја оценувам како соодветна во овој момент и ја поддржувам во втората фаза од законот.

Исто така, мислам дека е многу политизирано прашањето и треба многу рационално со една голема доза на рационалност да се пристапи на проблемот на гласањето на државјаните на РМ, кои трајно или времено, како се третира тоа незнам, престојуваат во странство. Треба да го почитуваме Уставот и едновремено треба да бидеме многу рационални по тој поим, не заради соодветна политизација со бројот на гласовите кои евентуално би оделе на оваа или на онаа страна, туку едноставно од потребата, без погрешно да бидам сфатен, токму така како што ќе кажам, да не може со нашите животи во државата да управуваат луѓе кои нема да ги сносат последиците од тоа управување. Мислам дека за парламентот тоа би била тешка одлука, да овозможува на оние кои апсолутно нема да го почувствуваат управувањето, да одлучуваат за управувањето. Дури во некои држави плаќањето на данок, покрај другите критериуми е услов за учество во изборите.

Проблемот со изборните списоци, можеби малку ќе се разликува и од ова што членови на мојата пратеничка група го кажаа, па имплицитно и експлицитно го најави г-динот министер. Мислам дека тој проблем тука не постои. Го имаме тој член од Уставот, не знам, кој е кој гарантира тајност на личните податоци кој треба да се почитува.

Ја имаме потребата сите кои учествуваат во изборниот процес да имаат увид во изборните списоци, не од овие истакнати, туку, на маса што се вели. Мислам тој проблем е решлив. Дајте да најдеме решени да видиме, не можејќи да го смениме Уставот, кои други закони можеме да ги смениме во една процедура со последната фаза на законот, да овозможиме изборните списоци да бидат достапни, со име и презиме и со адреса на живеење, без ниеден друг податок кој се однесува на витални карактеристики на населението или на други приватни податоци.

VII/4.-

Она што е потребно н аучесниците во изборниот процес, без разлика дали се партии или независни кандидати, дали е некој гласач, по име и презиме и која му е адресата. Дајте да направиме обид да донесеме или да измениме постојни закони со кои ќе ги исчистиме изборните списоци од другите карактеристики кои исто така сметам дека треба да останат согласно со Уставот, приватност. Јас лично не би сакал. Јас како граѓанин со мојата адреса со моите матични броеви, со моите дати на раѓање и со други витални карактеристики, да бидат во рацете на сите во Македонија. Едноставно сметам дека тоа е мое право, државните органи да располагаат со тој податок, меѓутоа и не секој друг кој ќе сака ова да го знае. Меѓутоа, адресата и името како гласач, мислам дека е работа која едноставно, сугерирам на Владата, треба да ја прифати, да го исчисти изборниот список од друг податок ако има таму како матичен број итн., и да го достави на сите учесници во изборната кампања.

Еве пред една година имав прилика да ги следам изборите во САД. Таму списоците се достапни со надоместок. Секој кој ќе плати толку и толку долари списокот го добива. И тука мислам дека тоа е решение кое треба да го прифатиме и кое нема да влијае позитивно или негативно на ниеден учесник во кампањата.

Исто така ги отфрлам во овој момент обвинувањата дека СДСМ располага со изборните списоци. Одговорно тврдам, јас во изборните кампањи досега сум учествувал три пати, лично, и уште неколку пати кога партијата на разни нивоа учествувала во изборите. Никогаш не сум ги имал изборните списоци. И, ако сме чесни ајде да признаеме, од оние кои беа во коалиција со СДСМ во 1994 на изборите, па да кажат дали ги имаа изборните списоци во рака. Вие знаете дека ги немавте, иако и ваши министри беа задолжени за тие работи. Ги немавте, исто како што и ние ги немавме и како што ги немаме. Така да едноставно е, има

политичка борба, има фер расправа, има и чесност, на крајот на краиштата. Знаете, не сме оперирани од чесноста. Немојте 30 пратеници вие од либералите да ги обвинувате 60 од СДС дека ги имаат списоците кога вие бевте заедно со нас во 1994 година и знаете исто така дека ги немавте списоците и вие и ние. Ги имаа државните органи. Така да обвинувањата дека некој ги поседувал се апсолутно во доменот на алиби ситуација за наредните избори. Меѓутоа, не за алиби ситуацијата, туку објективно сметам и кажувам тоа што се заложив, изборните списоци да не се проблем на расправа. Едноставно, тоа е решение кое треба да се усвои, да бидат достапни на оние кои учествуваат во политичкиот процес. Натамошната нивна употреба ќе служи исто така само на честа на оние кои ќе ги употребуваат.

Во таква ситуација сметам дека освен проблемот со изборниот модел за кој и понатаму сметам дека треба да биде доминантна тема на расправа другите проблеми кои се изнесуваа се проблеми од технички карактер и најчесто проблеми за кои нема толку големи проблеми да се прифатат, освен ако се инсистира на една алиби ситуација во која секој пораст ќе се толкува како продукт на законот, а не како продукт на политичко однесување на субјектите. Ние СДСМ ниту сакаме ниту имаме алиби. Секој исход од гласањето по овој закон ќе го прифатиме како соодветен нема да бараме алиби дека моделот не ни одговара, дека имало несоодветни решенија во законот. Фер би било тоа да го направат и другите политички партии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Најдовски има процедурално прашање

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа.

Навистина мојата интервенција би била процедурална од едноставна причина. Најмалку очекував од г-динот Поповски дека ќе се послужи со таков речник и во една завиена форма директно да не навредува како колеги пратеници. Но, нека си беше тогаш до крај отворен и нека кажеше дека овде во овие клупи седат некои што личат на Дракула и барем до крај јавноста нека знаеше тоа. Не мора за тоа нараквици да се користат.

Таа формулација ја употреби во смисла на тоа дали изборите се фер или не се и во смисла на тоа како се бара алиби. Само два аргументи ќе ви наредам дека сме во право и дека таа своја констатација треба да си ја повлечете и ако си држите до својот дигнитет како коректен пратеник, кој што досега го имавте, би требало да ни се извините на нас колегите.

Сега ќе ви наведам два примери.

Г-динот Коцевски, овде го спомна примерот со последната вечер, пред молкот, пред локалните избори. Онаа емисија што беше на МТВ, не дракула, туку уште една личност негативна во историјата спомната во втората Светска војна што не сакам овде да ја споменувам, не можеше таква да состави емисија, емисија од која што се грозеше македонската јавност. Тоа е првиот аргумент.

Уште еден аргумент ќе ви кажам, дали Дракула може да смисли или не.

Уште од март, април месец некаде во Битола сите политички партии бараат вонредни избори за општинскиот совет. Знаете ли што?

VII/7.-

На телевизија ќе кажеа една или две реченици, во некои од тн., државни медиуми ќе имаше една реченица или не.

Она што го направи македонската телевизија и Н ова Македонија со објавувањето на соопштението од Општинскиот одборот на СДСМ во Битола, повторно не можеше ни личност да го смисли она што претходно јас зборував во Втората светска војна. Прва ударна вест во 19,30 часот на вестите во недела е соопштение од Општински одбор на една партија. На насловна страна прва вест на Нова Македонија е известување од општинска организација на било која партија. Тоа досега го немавте, еве проверете во овие шест седум години, ниеднаш, а тоа не беше смислено од тие од општинската организација од Битола. Тоа беше смислено сигурно десетина дена пред тоа од овој центар. И сега зборувате за дракули или не знам што за фер или не фер избори. Сметам дека сепак таков пратеник со свое достоинство како г-динот Поповски, ако сакаше барем да каже, нека ни речеше отворено дека личиме на тој гроф.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Станковски

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Кога веќе колегата се послужи со грофот Дракула од Транс-силванија, јас можам да кажам дека тој сепак е избирџија, а вашата крв е така црвена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Рами Туда.

VII/8.-

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, г-до пратеници и министри.

Кога дискутираме за предлогот за донесување на закон за избор на пратеници на Собранието на РМ, видливо е дека настојуваме да донесеме закон кој ќе задоволи една страна на проблемот т.е. општите начела, правната еднаквост на политичките партии и на сите граѓани на РМ. Ова е една страна т.е. формалната страна која треба да задоволува еден критериум, додека другата страна од тоа како ќе се применува овој предлог, односно законот кој ќе се донесе. Во услови кога би донеле и најидеален закон. Праксата ќе биде тоа што ќе биде како критериум на вистината, односно како ќе се спроведе во практичниот живот тој закон како ќе се донесе овде.

Предлагачот изгледа намерно оставал дилеми, веројатно со добри намери за да се одвива добра дебата во овој законодавен дом. А што се однесува за тоа за која алтернатива ќе се определиме зависи од ставот на овој парламент. Доста се дебатираше за позитивните и негативните страни на мнозинскиот и пропорционалниот м одел. Испаѓа како да постојат, во конкретниот случај од дебатата таков доем се стекна, како да постојат две односно три вистини. Мислам дека вистината е една. Не може да има две или три вистини. Тоа е едно.

Кога сме тука сакам да потенцирам дека Демократската партија на Албанците, пратеничката група на ДПА е определена за пропорционалниот модел и за една изборна единица во цела Македонија затоа што сметаме дека пропорционалниот принцип е по демократичен, по правичен, по објективен и не дава многу простор за манипулации и шпекулации.

Предлагачот иако настојува да биде објективен за оформување на еден закон за да ги задоволи желбите на сите партии и на сите партии на Република Македонија, сепак објективно не можел да избегне некои контрадикторности, да не кажам предрасуди и парадокси.

**РАМИ ТУДА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кога зборувам за ова последново, мислам на членот 11, каде што априорно се гледа дека некои партии, односно помалите партии се осудени. Доволно е да се потсетиме на ставот 6 од членот 11 каде што се вели дека пет членови на Комисијата и нивните заменици се именуваат на предлог на петте политички партии кои што на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Се разбира дека во Државната комисија и во изборните комисии ќе има членови само од овие пет партии.

А, јас прашувам, што ќе биде со другите партии што не ќе имаат членови во Државната изборна комисија и во изборните комисии, во сите органи и тела за спроведување на идните парламентарни избори?

Испаѓа како ДПА не ќе има свои претставници во сите органи и тела за спроведување на идните парламентарни избори. Иако што ни е актуелно сме седум пратеници на оваа партија. Значи, ќе се случи тоа што во неколку изборни единици ќе имаме изборни комисии и членови само од една партија, значи еднопартиски комисии. А, тоа значи дека според членот 11 став 6 ќе дозволиме да се повторат грешките од минатите парламентарни избори, а со тоа ќе се создаде незадоволство и, би рекол, кај еден дел на граѓаните на Република Македонија. Такво нешто, по мое мислење, не би требало да се дозволи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Мешков.

VIII/2. –

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Јас зборував еднаш, сега нема да зборувам долго, само кратко.

За некои пратеници од Парламентот за кои ние од опозицијата сме осудени да ги слушаме им е единствено важно со својата жестина да се изборат за изборен модел во кој ќе имаат повеќе можности за манипулација, се со единствена цел што е можно повеќе да се остане на власт, не водејќи при тоа сметка колку таквата нивна цел е во корелација со волјата на најголемиот дел избирачи и одговорноста за катастрофално лошата економска состојба во земјата.

Тоа што одредена партија добила многу градоначалници во Македонија, Македонија многу не се усреќи, со исклучок на еден градоначалник, кој, за жал, не е од таа партија, туку е од другата партија.

Почитувани пратеници,

Предлагачот ни понуди повеќе варијанти на изборниот модел. Секој кој малку ја познава нормативната дејност ќе знае дека тоа значи дека предлагачот сака да го чуе ставот на пратениците односно политичките партии за да покаже или не разбирање за тоа и понуди единствен став без алтернатива во наредната фаза на донесувањето на законот. Во спротивно, немаше потреба од нудење варијанти во законот, туку веднаш, како што тоа многу често се случуваше, предлагачот можеше да го каже својот единствен став и немаше од нас да прави два дена статисти за овде да кажуваме кој за што е, за кој изборен модел се одлучил.

Затоа, не е потребно постојано да се потенцира од некои пратеници дека некој друг се залага за овој или за оној модел што на другиот не му одговара затоа што секој кој се изјаснил за одреден модел

има свои аргументи, затоа што секој понуден модел, како што беше речено е демократски. Не е понуден ниту еден модел кој не е демократски и, значи, ние секогаш со аргументи се изјаснуваме за таквата можност што, впрочем, како можност ни ја даде самиот предлагач што во законот понуди варијанти на изборен модел

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги,

Јас само сакав да реплицирам на колегата Мешков само за една негова изјава околу градоначалниците.

Нормално, тој е пратеник од Скопје и нормално да го велича градоначалникот на Скопје. Згора на тоа, од сега е од иста политичка партија.

Јас мислам дека нема потреба толку да се велича господинот градоначалник на Скопје затоа што Скопје е големо, сите свраќаат во Скопје, се гледа дали тој градоначалник работи или не работи. Додека јас немам ништо против што си го велича својот градоначалник.

Меѓутоа, што ги навреди другите градоначалници. Конкретно, бидејќи потекнувам од изборна единица што е сега нова локална самоуправа, со еден вреден градоначалник, и други градоначалници исто така, од мали локални самоуправи како што се: Конопиште, Злетово, Вевчани, Белчишта и други мали општини, исто така избрани градоначалници на непосредните избори 1996 година, сериозно си ја

сфатија својата работа, се судрија со огромни проблеми, оставени самите на себе си да, прво, создаваат услови за работа, а потоа да работат на развој на своите локални самоуправи. На тој план поединци доста успеваат, би рекол многумина од нив, со едни видни резултати. Тие не дојдоа да речам на готово па да работат, туку дојдоа на ледина и создаваат урбана средина.

Јас ќе го замолам во некоја друга можност господинот Мешков, кога ќе земе друг пат збор, да им се извини на другите, останати, стотина градоначалници.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Реплика за господин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Ја прифаќам забелешката на мојот колега. Мислата ми беше дека поголеми, односно еден дел, сигурно не сите градоначалници, веројатно некои од нив, јас не ги познавам лично, веројатно има некои од нив кои чесно и добро ја извршуваат својата задача, меѓутоа бевме сведоци како некои од тие градоначалници, сега да не ги спомнуваме, ја извршуваат својата функција.

Затоа, ја прифаќам таа забелешка и извинување дека мислата не ми е на сите градоначалници туку на еден дел од нив. Инаку, не бев присутен кога се разговарало тоа. Меѓутоа било речено дека ЛДП, фактички, се лути и барал еден или друг изборен модел затоа што еве, во изборната трка не добиле градоначалници, што воопшто не е некој силен аргумент за тоа дали некој сега се залага за еден или за друг изборен модел.

Благодарам.

VIII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали можам да констатирам дека никој повеќе не бара збор? (Да) .

Тогаш, ја заклучувам расправата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ветеринарство.

Предлогот за донесуваше на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

VIII/6. -

Има збор господин Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници,

Со законов за ветеринарство што се предлага за расправа на оваа седница, причините за донесување се објаснети во образложението. Не би сакал посебно да ги коментирам. Меѓутоа, добро е да се потенцира дека овој закон го правиме врз основа на тоа што во оваа дејност до сега постојат три прописи, постојат 40 и неколку правилници што сакавме и се обидовме да ги вградиме во еден текст на закон што ви е предложен.

Навидум, произлегува дека станува збор за доста сложен закон. Меѓутоа, за нас, предлагачите е доста едноставен и јасен закон, без дилеми и без алтернативи и варијантни решенија.

Која е целта на овој закон? Само накусо.

1. Него го сообразуваме со новите економски односи, потоа со меѓународните стандарди и прописи во оваа област и преземените меѓународни конвенции и кодекси на листите на болести што се во светот објавени.

2. Со овој закон пропишуваме услови за одгледување здрави животни, хигиенски исправна суровина и храна од животинско потекло, се со една крајна цел да имаме здраво население.

3. Прецизно ги пропишуваме условите под кои можат да се градат објекти и тоа за колење на добиток, објекти за преработка на производи од животинско потекло, како и други објекти врзани за производство на храна.

Со законот ги дефинираме субјектите во откривањето на болестите, особено делот што значи пријавување, сузбивање на заразни болести, вклучувајќи ги и граѓаните, а особено државата и нејзините органи.

Врз основа на ова се дефинирани повеќе нивоа на одговорности и служби што ќе се занимаваат со оваа дејност. Би набројал дека тоа е прво Ветеринарната управа во рамките на Министерството како самостоен орган во состав, потоа Ветеринарната амбуланта, Ветеринарна станица како повисоко ниво на здравствена заштита и Ветеринарната болница како специјализирана институција. Ветеринарниот институт е дефиниран со посебни овластувања за вршење на посложени работи во оваа дејност.

Иако сегашниот Закон е јасен, доволен и од праксата применлив, сепак ќе се обидам во текстот на законот да не се осврнувам на тоа, туку да кажам само кои се новитетите.

Прво, новина што значи реформски зафат во ветеринарството е тоа што се предвидува трансформација на постојните ветеринарни станици со нивна можност тие да се приватизираат во правни субјекти во приватна сопственост, со нагласка дека во местата каде вакви станици сега не постојат, се дава можност да бидат нови ветеринарни станици со приватна пракса. Тоа ќе биде потпомогнато со посебна програма од Светската банка за кредитирање на опрема и кадри во овие служби.

Сето ова што се предлага во законот во однос на дејноста на органите и служби и нивната рационализација се предлага со цел да ги поевтиниме услугите во областа на сточарството, бидејќи за сега тие се скапи и доста влијаат на покачување на трошоците на производството, а во крајна мерка и во потрошувачката на прехранбени производи од анимално потекло.

VIII/8. -

Во досегашната пракса морам да кажам дека во овој закон не можеме да бидеме незадоволни иако станува збор за доста сложен закон. Во расправата по овој закон, што досега ја водевме и во телата на Собранието и надвор од Собранието, во Комората на ветеринарите и на други нивоа, забелешки по овој закон немаше. Тоа не значи дека законот е комплетно добар, освен членот 50 кој сакам да го спомнам, побуди многу интерес особено кај кадарот од медицинска струка.

Имено, членот 50 предвидува испитување на прехранбените продукти од животинско потекло да се врши во Ветеринарен институт или друга овластена институција што ќе ја определи министерот, а ги исполнува условите пропишани во овој закон.

Јас верувам дека никој немаше да ја примети оваа одредба во законот, а токму таа предизвика расправа, што е добро за да се направат и критички осврти врз поставеноста на ветеринарството во Македонија, но и на самите тие кои го покренаа ова прашање.

Во законот јасно сме определиле дека контрола на животните намирници не почнува со земање на мустра на крајниот производ во кланицата или во прометот. Таа почнува од фармата кај земјоделецот, продолжува понатаму во депото ако е во прашање добиток за клање или кога е во прашање увоз на добиток во карантинот каде треба животното да се чува неколку денови, односно заколе па потоа во кланица додека ги исполни условите.

Со ваквото решение, веднаш ќе кажам ќе биде исправено институтот нема да стои како институција. Стои овластени институти кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон. Меѓутоа, сакам да потенцирам дека не ќе направиме исправка затоа што беа помоќни да критикуваат, дискутираат и се организирани во лекарска комора и тн.

туку затоа што сакаме да потенцираме дека со овој закон не предвидуваме заводите за здравствена заштита што ги има 12 да им обезбедиме работа. Таков пристап нема во законот.

Напротив, целта е да ја поевтиниме услугата која се јавува кај земјоделците, значи, да добијат поевтина услуга, а по прашањето на храната да добиеме поевтина храна, да нема многу стеги.

Овој критички осврт кон овој член отвори на површина дека имаме многу институции во државава кои се скапи. Овој закон не може да ги финансира 12-те заводи. Го исклучувам Заводот за здравствена заштита. Туку, ќе ги финансира оние што ги исполнуваат условите.

Да бидам јасен, не спорам со Заводот за здравствена заштита, ниту со заводите, туку сакам да појаснам дека овој концепт не им одзема на заводите да испитуваат вода за пиеше, не им го одзема правото да испитуваат мустри или брисови за прехранбени производи земани од продавници и од месните преработки. Туку, вода, испитувањето е дадено на Ветеринарниот институт, бидејќи станува збор за вода во извозни кланици за кои што контролата ја врши и Комисија на Европската Унија. Таа забуна е создадена само заради тоа што законот не се познава добро или областа за која се работи.

Сакам да завршам, нема потреба од тревожење, нема потреба од стравови кај струките од хуманата медицина дека овој закон ќе им ја одземе работата, туку напротив сака да се стриктно подели работата што е на Ветеринарната служба, што е на хумната медицина.

Ќе повторам, бројноста и грлатоста не треба да биде мерило во оваа област, туку техничката опременост, ефикасноста и ниската цена на услугите, бидејќи тие се вметнуваат во оваа гранка како меѓуфаза.

Меѓутоа, ќе завршам, овој закон кажав дека е јасен според предлагачот доста конкретен, немаме дилеми ниту алтернативи. Но, отворен за расправа во која што сакаме да биде јасно а ќе ги прифатам сите сугестии што ќе одат во прилог овој текст да се подобри.

Ќе повторам, овој закон во пракса е спроведлив. Гледате во одредбите 14 прописи да престанат со него и да донесеме 43 правилници. Тоа е сложеноста на овој закон што отпосле треба да се прави. А, вака како што предложив мислам дека е рационален текст и очекувам расправа во која што нема да пречи секоја забелешка да ја вградиме а за која што има стручни аргументи дека треба да биде.

Ќе повторам, нема потреба овој закон да внесе антагонизам меѓу хуманата медицина и ветерината, бидејќи тие и досега добро соработуваа. И ќе продолжат. Страхувањата дека некој ќе ја земе работата некому се неосновани или се производ на тоа што некој не го знае овој закон.

Благодарам.

**ЦЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Ајдарага.

IX/1 НН/МП

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

Излегов на говорница да дадам поддршка на предлогот за донесување на закон за ветеринарство, а истовремено да изнесам некои мои видувања за подобрување на продолжениот текст. Ќе изнесам некои забелешки по однос на одредени членови по Предлогот за донесување на законот за ветеринарство.

Предлагам во член 1 да се додаде точка 32 и да се каже " доктор по ветеринарна медицина".

Во точка 33 да се додаде "минимален задолжителен обем", а истовремено во текстот на неколку места се употребуваат два термина. Некогаш "минимален задолжителен обем", некогаш друг термин, па затоа ќе мора да се исправи и да се користи еден термин.

По однос на член три мислам дека треба да се исправи она што е речено во точката 13, каде што се вели "контрола на животните за колење, рибите, раковите, школките, полжавите и жабите; храната, суровините и отпадоците од животинско потекло". Тоа треба да се исправи затоа што тоа не кореcподира со член 2 точка 1 од Законот.
Исто така предлагам во членот 3 точка 20 да се брише.

Што се однесува до точката 22 предлагам другите работи од областа на ветеринарството по можност да се набројат.

По однос на член 4 точка 6, каде што се зборува повторно за контрола на животните за колење мислам дека останатите зборови треба да се бришат, бидејќи со тоа се подразбира дека имаме општо речено што е тоа контрола на животни за колење.

Во член 4 предлагам да се додаде точка 13 и тоа да гласи: "елтанизација на кучиња и мачки скитници".

Во член 5 е предвидено државните органи на Република Македонија и органите на единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат заштита од заразни болести на животните. Добро е што е така предвидено, меѓутоа колку што ми е познато досега со закон за локалната самоуправа односно со другите закони на општините не обезбедуваме средства од Буџетот на Републиката за оваа работа и затоа би требало да се обезбедат и средства за вршење на таа дејност. Во спротивно тоа може да остане само декларативно.

Во член 15 се зборува за тоа што чинат ветеринарните претпријатија, кои задолжителни општи и превентивни мерки ги превземаат и меѓу другото точката 3 зборува дека превземаат обезбедување на здравствено исправна храна и спречување на недозволен промет со заразени животни и здравствено неисправна храна, суровини и отпадоци со кои може да се заразат луѓето.

Мислам дека оваа мерка овде не држи од причина што според мене оваа мерка е повеќе мерка со кои треба да се занимава ветеринарната инспекција. Ветеринарните претпријатија може да бидат и јавни и приватни меѓутоа со таква дејност мислам дека не би било добро да се бават, затоа што тоа е повеќе работа на инспекцијата.

Кај овој член добро е што во ставот 3 се зборува за тоа дека за спроведување на мерките од ставовите на овој член Владата на Република Македонија донесува програма за заштита на населението од зонози. Предлагам во рамките на овие мерки да биде изградбата на објекти за отстранување на животински мрши и еутанација на кучиња и мачки скитници. Зошто ова го предлагам?

Го предлагам бидејќи ги знам, посебно во мојата општина каква е состојбата со овие објекти. Такви објекти немаме и доаѓа луѓето да се снаоѓаат кој како може. Меѓутоа во таква состојба, можеби таквата состојба е присутна и во другите општини и мислам дека тоа не ми оди

во корист особено ако се знае што може да се пренесе ако тие мрши не се закопуваат односно не се носат на одредени места.

Во членот 16 се зборува и се даваат некои обврски за тоа што сопственикот на куче е должен да направи. Да го пријави своето куче и истовремено да бара заштита заради спречување на беснило. Во ставот 3 зборува дека сопственикот на куче е должен во рокот определен со прописите во член 18 став 4 на овој закон да го донесе кучето во ветеринарното претпријатие, или друго место што ќе го определи ветеринарното претпријатие заради регистрација, вакцинација и деклехемитизација. Мислам дека кога се зборува за друго место треба да внимаваме и тоа почесто да биде организирано во населбите, бидејќи полесно е да одат двајца или тројца ветеринари до населбите отколку обратно сите со кучињата да одат во ветеринарната организација. Тогаш не ја постигнуваме целта. Тогаш ни остануваат кучињата не вакцинирани и болестите не можеме да ги спречиме. Затоа мислам досегашната пракса треба да се избегне и ветеринарите да одат до кучињата, а не кучињата до ветеринарите.

Нешто поврзано и со членот 18 каде што се зборува за регистрацијата и вакцинацијата на кучињата. Ставот 2 зборува дека општините односно градот Скопје го определува претпријатието кое ќе врши собирање и отстранување на животински мрши и алтонација на кучиња и мачки скитници, и други животни од подрачјето на општината односно градот Скопје и ќе гради објекти за времено згрижување на животните скитници. За состојбата кажав каква е во мојата општина, а претпоставувам дека така е и во други и затоа и овде треба да се обезбедат средства. Ако не обезбедиме средства состојбите ќе бидат уште полоши.

Член 19 зборува дека сопствениците на животни, правни и физички лица што одгледуваат животни, вршат производство, преработка, складирање, промет и продажба на добиточна храна итн

должни се да ги пријават своите животни, како и да ја пријават секоја промена во врска со нив во рок од 8 дена во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство заради нивно евидентирање во регистер за објекти и животни.

Ваквата мерка е многу добра, меѓутоа се плашам од искуството што го имам дека ќе ни остане само на хартија. Тешко да можеме да ја спроведеме. Мислам дека треба да се поведе сметка дали можеме да ја спроведуваме. Ако е само да се пишува не ни е од корист.

Членот 29 зборува за тоа дека превозните средства треба да се дезинфецираат. Во праксата што се случува? Таксата се наплаќа, а дезинфекција не се врши. Затоа се залагам обавезно дезинфекцијата обавезно да се извршува во спротивно немојте да се декларираме само заради земање на пари. Ако е целта само да се земат пари тогаш повторно не му служиме на она за што се залагаме со законот.

Членот 33, како и понатаму неколку члена зборуваат за контрола во меѓународниот промет. Не го познавам меѓународниот промет, меѓутоа, доколку тоа не е предвидено предлагам оваа контрола да се врши според европски теркови.

Едно работа која е врзана со член 44 каде што се зборува за ветеринарно - санитарниот преглед и контрола на животни, суровини и храна од животинско потекло во производството и прометот. Петтиот став е доста интересен и ќе прочитам што вели " Сопственикот односно правното лице му обезбедува простории и потребна опрема на ветеринарниот инспектор во објектите од став 2 на овој член". Дали ќе бидеме во состојба секогаш да му обезбедиме на ветеринарниот инспектор потребна опрема. И, поставувам прашање што е таа опрема што производителот треба да му ја обезбеди на ветеринарниот инспектор. Ние немаме така големи производители да имаат услови да одгледуваат во поголем број, со исклучок кај овците, меѓутоа какво е тоа производство е посебно прашање, меѓутоа, мислам дека би било

добро тоа да се објасни односно да се даде објаснување што се подразбира под таа опрема.

Во членот 46 ставот 2 зборува дека ветеринарниот инспектор врши преглед и издава потврда за здравствената исправност на отстреланиот дивеч. Се поставува прашање каде се врши отстрел дали ги имаме ветеринарните инспектори, или сакаме да си исполнуваме одредена замисла. Во ресторанite можеби, но таму каде што се врши отстрел, не знам дали е он и затоа поставувам прашање и мислам дека оваа работа треба да ја видиме добро, не само да ја запишеме.

Нешто ќе се позанимавам и со член 50 каде што се зборува за анализите и супер анализите. Поставувам прашање дали ние имаме институции кои би можеле да вршат супер анализи. Мислам дека заложбата да постојат супер анализи ја поддржувам, меѓутоа исто така треба да чиниме напори да имаме такви институции во државата кои ќе можат да вршат супер анализа. Според мене супер анализа може да врши институција која е опремена за тоа било да се работи со посебна опрема, но и со кадар. И тука треба да се користат искуствата од Европа.

Со членот 51 се регулира сопственикот на животни мора да го пријави на ветеринарниот инспектор производството на млеко и млечни производи наменети за јавна потрошувачка. Овде со поставува прашање. Производството на млеко за јавна потрошувачка дали е и индивидуалниот земјоделец кој што има една крава, или пет овци. Од пет овци не може да има пазарен вишок, но од една крава може да има. Дали Ќе го натераме ние и него тоа да го чини. Мислам дека треба добро да размислиме дали ќе можеме да ја спроведеме мерката.

Член 54 зборува за објектите, постројките, опремата за одгледување на домашни животни итн, меѓу другото треба да се обезбеди и потребно мислење за локација од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Меѓутоа, со оглед на тоа

дека овде многу објекти влегуваат мислам дека треба да се преиспита тоа што е кажано, затоа што добро би било кога може да се обезбеди, но ние знаеме какви се објекти се градат на теренот, особено во областа на овчарството и дали ќе можеме секогаш да имаме мислење. Можеби одредени работи ќе треба да се исклучат, изземат.

Во член 64 се членови кои што зборуваат за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Во членот 64 став 1 мислам дека погрешно е запишано" член 16 став 2", а треба да биде "член 18 став 2", бидејќи членот 16 нема врска со ова.

Во ставот 2 од истиот член има една одредба во која се зборува дека возачот кој предизвикал укинување на животно, лицата кои ги одржуваат патиштата и овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи се должни да ја пријават мршата на угинатото животно на претпријатието од член 18 став 2 на овој закон. Тоа е добро, меѓутоа дали ќе можеме да го оствариме.

И уште едно прашање по кое сакам да изнесам свое мислење, а тоа е прашањето регулирано со член 71 каде што се таксите надоместоците за здравствена заштита на животните.

Во член 71 став 9 се вели:" од средствата од наплатената такса од став 3 на овој член 80% одат во буџетот на Републиката, а 20% се уплаќаат на овластеното ветеринарно претпријатие". Јас предлагам да биде 60% за Буџетот на Републиката, 20% за Буџетот на општината и 20% за ветеринарното претпријатие.

Тоа беа моите гледања односно сугестии по предложениот Предлог за донесување на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

На дневен ред е Предлог за донесување на законот за ветеринарство. Првиот термин кога беше ставен овој закон на дневен ред беше на 23.10.1997 година, на 78-та седница. Втор пат беше ставен на 26.11.1997 година, на оваа седница, 80-тата седница. Ова сакам да го укажам од следната причина.

Министерот изнесе констатација дека многу пратеници и субјекти воопшто што го разгледувале овој закон доволно не го разбрале и од таму произлегуваат одредени реакции или погрешни толкувања на овој закон. Најпрво би сакал да се оградам дека имаше доволно време од 23.10 за сите нас пратениците, кои што имаа желба доволно да го проучат овој закон и доволно да го разберат. Сепак ова е една прилика да се укаже на одредени слабости, недостатоци, се разбира и она што е добро да се укаже како една солидна основа за понатамошните фази во изготвувањето на овој закон.

Ценам дека има потреба од донесување на овој закон и пратеничката група на ЛДП предлагам овој закон да се донесе во две фази. Навистина, се работи за многу сложен и важен закон за развојот на ветеринарството во Република Македонија. Слободно можам да кажам дека овој закон е солидно и стручно подготвен и со право може да се каже дека успешно ќе ги замени досегашните три закони и тоа: Законот за здравствена заштита на животните, Законот за ветеринарна служба и Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја. Би сакал да изнесам некои забелешки кои би биле во прилог за подобрување на текстот и содржината на Законот за ветеринарство.

Во општите одредби, во член 1 е прикажано што се се уредува со овој Закон. Во истиот член се цитирани само четири поглавја, а бидејќи

IX/8

во овој закон се уредува многу повеќе предлагам членот 1 да се дополни уште со пет нови точки и тоа:

1. Заштита и унапредување на животната средина.

2. Најмал задолжителен обем на здравствената заштита на животните од заразни болести.

3. Се определуваат такси, надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните.

4. Се уредува ветеринарната веледрогерија и прометот на лекови во ветеринарните аптеки.

5. Како и самиот надзор за спроведување на одредбите на овој Закон.

Х/1.- ПЈ/ЉР

**ИЈ1**

**ИЈА КАРОВ: (**продолжение)

Наведените пет точки како поглавија се застапени во содржината на Законот за ветеринарство и од тие причини предлагам да бидат спомнати во членот 1 од овој Закон. Понатаму во членот 3 е определена ветеринарната дејност прикажана во 22 точки предлагам бришење на точките 3, 18 и 19. Точката 4 од членот 3 да се скрати особено да се исфрли текстот каде што стои испитување на здравствената исправност на храната од животинско потекло, водата за пиење на добитокот и водата што се користи во прехранбената индустрија.

Бидејќи министерот укажа дека се работи само за вода која се користи во оние кланици каде што имаат и извозен карактер кои се регистрирани за извоз. Меѓутоа во Законот тоа не е така прецизирано, во Законот стои водата во прехранбената индустрија. Што значи мора и овој податок во втората фаза се расчисти.

Ова го предлагам до причина што оваа дејност е предмет и работа на Министерството за здравство. Исто така, точката 15 од член 3 е конфузна и треба јасно да се издвојат обврските што припаѓаат на ветеринарната дејност од здравството.

Работите по точките 18 и 19 од членот 3 ќе бидат регулирани со Законот за заштита на растенијата, што е веќе во собраниска процедура и затоа не би требало да е предмет на овој закон. Најмалку е стручно оспособен Ветеринарниот институт за вршење на дезинфекција, дезинсекција и вератизација, ниту пак воопшто може да врши лабораториско и клиничко испитување на средствата за дезинфекција, дезинсекција и деритизација.

Испитувањето на биолошката ефиаксност на споменатите клинички средства, како и нивните физичко-хемиски својства се врши согласно со Законот за заштита на растенијата. Од тие причини предлагаме и оваа дејност да се издвои и да не биде предмет на овој закон, бидејќи рековме тоа е регулирано во Законот и е предвидено да се регулира во Законот за заштита на растенијата.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанствс ги имаат тие ингиренции и сега и порано,а и со овој Закон што е во собраниска процедура да врши овластување и регистрација на правни лица кои ќе ја вршат оваа дејност.

Понатаму, во членот 4 се дефинира ветеринарната дејност, која што е од јавен интерес, а работите се буквално препишани од претходниот член 3. Јас не би се сложил дека сите наведени 12 точки како работи кои што би можеле да се прогласат од јавен интерес особено не работите наведени во точките 3, 7, 8, 11 од членот 4. Мислам дека многу се претерало со надлежностите и одговорностите на ветеринарната дејност. Особено , што многу прашања од здравствената дејност се прогласуваат за работа од јавен интерес во ветеринарната даејност. Затоа, предлагам текстот на Предлогот на законот за ветеринарство треба да се направи разграничување меѓу ветеринарната дејност од јавно-здравствената дејност, што е на некој начин и регулирано во Законот за здравствена исправност на прехранбените производи како област од здравството, како и да се издвои дејноста што се регулира со Законот за заштита на растенијата.

Новина во овој Закон е членот 5, став 6 каде што се предвидува слободен избор на доктор по ветеринарна медицина од страна на сопствениците на животните, а додека пак во членот 6, став 1 е предвидено сопственикот на животните да има право на здравствена заштита на животните.

X/3.-

Почитувани пратеници, во контекстот на членот 5 и 6 каде се јасно определува должноста на државните органи на РМ и органите на единците ан локалната самоуправа, да обезбедат заштита на животните од заразни болести, би сакал да укажам дека овие одредби од членот 5 и 6 се добри, меѓутоа, со овие членови, па и воопшто со овој Закон на адекватен начин не се обезбедува здравствена заштита на животните во планинските села и реони. Имено, постојат села кои што се оддалечени повеќе од 30 км. од најблиските ветеринарни станици. Во овие планински села се чуваат копитарни, чапункари, перната живина, домашни животни и др. Обично, одгледувањето и стопанисувањето на животните во тие села го вршат стари и изнемоштени земјоделци, сточари. Во планинските села нема телефон, нема ниту добри пасишта, комуникацијата меѓу сточарите од тие села и докторите од ветеринарните станици е многу отежната. Па, така при евентуална болест кај животните сопствениците на живoти не се во можност навреме да го известат ветеринарниот доктор, а многу често се случува докторот да биде известен, но сепак ветеринарната станица не праќа доктор во тие оддалечени села, а како причина е изговорот на немање теренско возило или нема слободен доктор, а основната причина е што ним не им се економ- ски исплати да испратат лекар толку оддалечено за мал број грла.

Цениме дека смртноста на животните во овие села е многу голема штетите, се исто така, големи, а здравствената заштита на животните не стигнува навреме. Што значи, би сакал да укажам дека со овој Закон не се обезбедува здравствена заштита на животните од заразни болести поеднакво во сите региони во РМ, како што е тоа предвидено во членот 5 и 6. Од тие парични, а и во функција на развојот и унапредување на сточарството во планинските региони на РМ укажувам дека предлагачот

на Законот за ветеринарство ќе мора во втората фаза од донесувањето на овој Закон на адекватен начин да се допрецизираат одредбите од овој закон, каде што се предвидува задолжително обезбедување на заштита на животните од заразни болести подеднакво во сите места во РМ; како во рамничарските, така и во планинските региони.

Во поглавјето 6, такси, надоместоци, трошоци на здравствена заштита на животните. Со одредбите на овој закон се предвидува сопствениците на животни да плаќаат соодветни такси и надоместоци за држење на кучиња, за дезинфекција на возила, за издадени уверенија за здравствена состојба на животните, за ветеринарни санитарни прегледи се плака надоместок за прегледот на животни, суровини и сточна храна при увозот на ситата, а и при прегледот на животните и сточната храна во домашниот промет. Па, што е многу, многу е почит вани пратеници. Сточарите ќе мора дебело да платат за сите овие прегледи, интервенции итн. Од сето ова произлегува дека таквите, надоместоците и трошоците за издавање на уверенија за преглед на животни и сточна храна, ќе претставуваат големо и дополнително оптоварување на сопствениците на животни и сето ова не е во функција на развојот на сточарството во РМ.

Затоа, укажувам на Владата на РМ да ја преиспита можноста за намалување на таквите и другите давачки, бидејќи предложените решенија дестимулативно влијаат и ќе влијаат врз развојот на сточарството.

Во меѓународниот промет пратките од храна, отпадоци од животинско потекло и добиточна храна подлежат на ветеринарно-санитарен преглед. Тоа е во ред и треба да се почитува и да се вршат тие прегледи. Меѓутоа, увозникот на добиточна храна, покрај прегледо1 се задолжува истата да ја даде на испитување за вакните дополнителни

лабораториски испитување на добиточна храна ќе мора дебело и дополнително да се плати. Затоа сакам да укажам дека со овој Закон е предвиден санитарен преглед на храната да ја врши само Ветеринарниот институт.

Јас од секогаш сум се залагал против монопол и сега сум против тоа анализата да се врши во една установа. Добро е Министерството за земјоделство, шумарство и водостоапнство да овласти уште една установа за лабораториско испитување на добиточната храна. Ако остане и во иднина оваа работа да ја врши само Ветеринарниот институт, тогаш трошоците за санитарен преглед сега се многу високи, а во иднина ќе бидат уште повисоки и на крајот сето тоа ќе го платат сточарите.

Досегашните фитопатолошки ветеринарни прегледи што се вршат на границата како и трошоците за санитарна анализа на една камионска пратка со пченка или со друга добиточна храна увозникот мора да плат 1/10-тина од вредноста на добиточната храна, односно трошокот за една анализа изнесува исто колку што изнесува и транспортот на таа сточна храна, пример, од Белград до Скопје. Значи, колку што ќе платите за транспорт, толку се и трошоците за една хемиска анализа на оваа храна. од овие причини се залагам и предлагам Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Владата на РМ со овој Закон да се даде можност на две установи кои ќе можат и ќе бидат овластени за вршење на лабораториски испитувања на добиточната храна при прометот во надворешниот и внатрешниот промет. Или пак, оваа материја да биде регулирана со посебен правилник што ќе го донесе министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Значи, две алтернативи.

Х/6.-

На крајот предлагам членот 23 да се доработи, тој е многу опширен и се состои од 23 точки и од 2 страници текстуален дел. Истата забелешка се однесува и на членовите 27 и 54 од Законот за ветеринарство. Скратувањето на текстот на членовите 23, 27 и 54 е од технички карактер и би било во функција за подобрување на текстот на Законот за ветеринарство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретсеедателе, господине министре, дами и гопсода, прво ќе дозволите да се претставам на Стручната служба на Собранието. Јас сум Милчо Трајков, пратеник во ова Собрание од 1994 година. Сега, ќе дозволите да кажам неколку зборови во врска со предлогот за донесување на закон за ветеринарство. Тоа што сум лекар, не значи дека во овој момент би се ставил и во позиција на адвокат како ш:то рече и министерот на Хуманата медицина. Меѓутоа би се потрудил да дадам еден поглед од друга страна,од страната на здравствената дејност на одреден дел од Законот само на неколку члена, не со цел оваа моја дискусија да биде опструктивна или деструктивна, или обратно се со цел тоа да биде една конструктивна дискусија која ќе биде земена во предвид при изготувањето на втората верзија на самиот закон.

Веднаш да кажам дека јас го поддржувам предлогот за донесвуање на закон за ветеринарство, исто ако што ги акцептираме причините и аргументите поради што овој закон се донесува. Периодот на нов политички систем во кој што живееме, секако и бара промена во

сите пори на нашето живеење, па секако и во ветеринарната дејност. За поздравуваше е и појавата на еден, така да го наречам кондензира закон, закон кој што во себе конзендинзира три закони кои што претхдоно постоеа до 1990 година, до донесувањето на овој закон кој што секако, дека нуди еден порационален пристап во разрешувањето на проблематиката од оваа област. Јас мислам дека сепак се работи за обемен закон и комплексен, кој што третира една сложена проблематика и секако поради, да кажам таа своја опжезност и поле со кое што се занимава доаѓа во одредени свои делови во допирни точки и со други дејности во нашето севкупно живеење каде што се можни одредени преклопувања и допирни точки, кои, што би требало секако да бидат најрационално разрешени. Јас од овој момент натаму ќе зборувам само за допирните точки на овој закон со здравствената дејност ветеринарната дејност од една страна и здравствената дејност од друга страдаа кои што се третираат во неколку точки за кои што јас би дискутирал. Поконкретно за приодот кон самата проблематика. Притоа мислам да член 3 точка 3 кој што зборува за превентивната заштита од зоонози, кои што како проблематика се дава во ингеренциите на министерот за земјоделство во точка 11 и тоа, бидејќи таа точка има еден став, во вториот дел од таа точка 11 кој што зборува дека Превентивните мерки за заштита од соонози ги пропишува министерот за земјоделство. Ќе дозволите, мислам дека подобар приод во овој момент, после тоа ќе дадам елаборација зошто така мислам, е приодот во точка 15 и тоа во последните два става, што значи во ставот 2 и ставот 3 во кој што се зборува, прво, дека за превентивните мерки за заштита од заразни заболувања од животни ги пропишува Министерството за земјоделство во согласност или во соработка, како точно е формулирано, со Министерството за здравство

X/8. -

Мислам дека тоа како формулација многу подобро би стоело и би ги допрецизирало работите. Исто така, мислам дека и следниот став тоа е последниот став во кој што Програмата ја изработува Владата. Што значи дека, притоа не се мисли конкретно само на Министерството за земјоделство, туку и на сите други инволвирани министерства во овој случај, секако и на Министерството за здравство. Бидејќи ова е предлогот на Владата, на владин министер, јас ќе наведам дека и сигурно е така дека во изработката на оваа верзија на Законот учествувало и Министерството за здравство и самиот министер за здравство и дека секако, ова како законски проект е, да кажам, како проект на Владата учество има и Министерството за здравство. Значи дека и одредени негови ставови тука се користени.

Зошто мислам тука дека е подобар овој вториот приод во однос на претходниот приод во член 3. Имаме зоонози, мислам сега да не стане тука некоја стручна дискусија зооноза е болест која што во исто време инволвира и животни и луѓе. Логично е превентивните мерки во однос на агенсот кој што ја предизвикува оваа болест а кој се однесува и на животните, да ги пропишува министерот за земјоделство и секако дека ветеринарната дејност, ветеринарите се тие кои што треба за тоа да водат сметка. Меѓутоа, во исто време мислам дека тоа е, да кажам, нивна обврска се до оној момент кога не била, да кажам, загрозено здравјето на луѓето, затоа 'што тоа е болест што настапува кога агенсот од животното преоѓа на луѓето. Мислам дека тука треба да се допрецизираат одредени факти, со тоа што секако дека нема да се одземе правото на ветеринарите, нити на министерот за земјоделство, да биде тој што ќе води сметка за тие превентивни мерки, меѓутоа, да се најде едно суптилно решение

во кое што секако дека од оној момент кога тој агенс предизвикува, да кажам, загрозување на здравјето и на луѓето, во тој случај да биде вклучена и здравствената дејност, значи, и здравствената дејност и самото Министерство за здравство. Секако, затоа што малку ми иде нелогично превентивните мерки кои што се однесуваат стриктно на луѓето , кои што се загрозени, да речам од зоонози, да ги препишува Министерството за земјоделство или ветеринарната дејност да биде таа која што се грижи конкретно кога се работи за луѓето, кога тие директно се загрозени, да се грижи за спроведување на тие превентивни мерки. А онаа формулација во смисла на соработка мислам дека многу подобро би стоела и секако тоа во подзаконските акти би можело подобро да биде разрешено.

Сега, во однос на инфраструктурата, јас и предмалку реков дека немам намера да бидам адвокат од страна на Заводот за здравствена заштита и сето тоа, меѓутоа, во принцип моменталната состојба како е поставена и како посоти. Самиот министер кажа дека постојат 12 заводи за здравствена заштита кои што има некаде близу 700 вработени луѓе. Од друга страна тие имаат добра инфраструктура и да кажа: дека се доста добро опремени. Во овој момент работат одредени работи кои што со овој Закон преоѓаат во надлежност на ветеринарната дејност Можеби тоа би било во ред понудата, она што стои во Законот,законското решение доколку не се наоѓаме во една тесна економска состојба во која што сепак, да кажам, развојот на ветеринарната дејност секако е пожелна, доколку нашата држава во овој момент се наоѓа во една добра економска состојба и секако дека тоа во иднина ќе биде како такво разрешена. Меѓутоа, не знам дали постои некое преодно решени во кое што до периодот на комплетно екипирање на ветеринарната дејност со

Х10.-

оние сите институции кои што се предложени во Законот, дали тоа преодно решение не е добро дотогаш, сепак, Заводот за здравствена заштита, дел од тие ингиренции сеуште ги имаат кај себе, а исто така мислам како решение е добро и тоа што министерот го предложил во смисла дека сепак треба да се оди по економска логира и дека економскиот интерес и логика и цената на чинењето би била примерна. Во секој случај донекаде би се согласил и со дискусијата на г-дин Каров со одредени забелешки по однос на член 50 а исто так и во однос на точката 3 од членот 15, кој што зборува за хигиенската исправност за контрола на хранителните продукти од животинско потекло.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:** (Продолжение)

На крајот, да завршам, се надевам дека министерот не ме сфати погрешно, целта ми беше да дадам малку поинаков приод на проблематиката во смисол на погледите на лекарот. Не мора тоа да значи, можеби и јас до овој момент сум субјективен, меѓутоа сепак кога се гледа од сите страни на една проблематика мислам дека испаѓаат подобри решенија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитувани претставници на Влада, денес имаме еден закон од витално значење за државата, закон кој и по формата и по содржината е голем, голем до таа мера што овој закон во себе конципира повеќе закони, кои досега беа во сила, проблемите кои досега беа опфатени и разработени во неколку законски проекти, како што е Законот за здравствена заштита на животните, Закон за ветеринарна заштита, Закон за ветеринарната инспекција, Закон за заштита на животни од заразни болести што ја загрозуваат целата земја. Сите закони се конципирани сега во овој голем закон.

Како пратеник и како човек во еден дел ја разбира оваа област немам ништо против овој закон да биде формулиран вака и изграден вака. Ќе ја поддржам потребата од донесување на овој закон затоа што е неминовен за егзистенција на нашата држава, но би предложил една друга работа доколку Собранието и господата од Министерството прифатат овој закон според обемот и содржината и проблематиката која ја разработува да оди во три фази, за да добиеме еден поквалитетен и поцелесообразен закон.

XI/2.-

Имам неколку забелешки на текстот на законот, за што овој закон во себе сега конципира неколку закони и разработува витална проблематика во државата која значи исхрана на населението во државата. Покрај исхраната, Законот опфаќа дел заштита на животните од заразни заболувања, а покрај животните и на луѓето.

Текстот на предложениот закон во оваа верзија излегува од рамките на основните начела врз кои се заснова законот и во голем дел, навлегува во надлежностите и одговорностите на здравствената дејност Прашањето е дотолку посложено што се однесува на надлежностите кои и досега кај нас и во други земји во Европа и светот се во доменот на работата на здравството. На ваков начин, со овој закон непотребно добиваме паралелни законски решенија во однос на веќе постојната законска регулатива, која е утврдена во здравството. Притоа, мора да се има предвид дека заштитата на здравјето на луѓето е основна и исклучива цел и задача на здравствената дејност и таа неможе и не смее да биде пренасочувана кон ветеринарството или Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во таа смисла, Министерството за здравство ги донесува прописите и мерките и ги предлага програмите за заштита на луѓето од заразни болести. Во овој предлог на законски проект, во членот 3 и 4 точка 3, во членот 4 точка 3, овие активности се утврдени како ветеринарна дејност, а во членот 15 став 2 и став 3 утврдувањето превентивни мерки се ставени во надлежност на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

Втор сегмент, кој значајно навлегува во делот на активностите на здравствената дејност и е регулиран со постојните законски решенија во надлежност на здравството е здравствената исправност на храната за хумана употреба.Контролата на храната неоспорно дека интегрира мултидисциплинарен пристап со обезбедување на ветеринарно санитарна

контрола, контрола на квалитетот и контрола на здравствената исправност.

Притоа, последниот сегмент е директно во надлежност на здравството и директно се однесува на утврдување на контаминација на храната со пестициди, хормони, тешки метали и други тешки состојки кои во концентрации над дозволените граници можат штетно да влијаат врз здравството на луѓето. Поради тоа што основната цел на овие активности е заштита на здравјето на луѓето не може да биде дел од ветеринарната дејност, како што е утврдено во членот 3 и членот 4, точка 14, т.е. точка 7. Меѓутоа, особено е важно да се направи разграничување на интерната контрола на храната од животинско потекло како интерес и обврска на производителите од јавно здравствената контрола, што е надлежност и обврска на здравството. Производителите на храна се должни да го контролираат производството и да пласираат ветеринарно санитарна и здравствено исправни производи, во согласност со нормите и стандардите за хигиенски квалитет и здравствена исправност од што зависи и успешниот пласман на производите на домашните и странските пазари и тој дел од активности не треба и не е надлежност на здравството.

Но особено значајно е да се истакне дека јавно-здравствената контрола во делот на здравствената исправност на прехранбените производи е регулирана со законот за здравствена исправност на прехранбените производи како прописи од областа на здравството. Во таа смисла, во неколку децениskиот развој на здравството е формирана соодветна структура во поглед на опрема, кадар, методологија на работа во рамките на 11 превентивни јавно-здравствени организации во Република Македонија, кои сега со овој проект би се ставиле надвор од законските

и стручните можности за работа. Имено, во членот 50 јасно е назначена институцијата која тоа ќе го работи, а овластувањата кои досега беа во ингеренција на Министерството за развој се даваат како исклучиво дискреционо право на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство без обврска од донесување на подзаконски акт со кој би се утврдиле условите, кои треба да ги исполнат организациите кои би ја извршувале таа дејност во однос на простор, опрема и кадар.

Претпоставувајќи дека ова се има предвид при изработката на Предлогот на законот за ветеринарство, најверојатно свесно во членот 127, каде се наброени подзаконски прописи кои ќе се применуваат за донесување на нови, не се цитирани законските и подзаконските акти од делот на здравството со кои се регулира здравствената исправност на храната. Зборувам за хуманата храна. Но јасно е дека, доколку се поаѓа од претпоставката дека треба да се спроведуваат, во наредниот период сите тие активности кои се предвидени како ветеринарна дејност како суштина се однесуваат на здравствената исправност на храната во смисла на овој закон, неопходно е да бидат користени законски прописи од областа на здравството Закон за здравствена исправност на животни намирници, што јасно оди во прилог на оваа забелешка што ја изнесувам дека со овој законски проект се одземени функциите и одговорностите од здравството и се префрлуваат на ветеринарната дејност. Впрочем и член 2, точка 24, 25 и 26, член 49 и другите членови се целосно преземени од важечкиот закон за здравствена исправност на храната, со додавка дека се работи за храна од анимално потекло. После ќе го цитирам пасосот од Законот, како што е кажано во Законот.

Но храната која мора да ги задоволува критериумите во однос на здравствената исправност не се дели според потеклото, а контролата на нејзината исправност претставува дел од интегрирани стручни активности кои имаат за цел да го заштитат здравјето на населението на Република Македонија.

XI/5.-

Во овој дел посебно сакам да истакнам дека ветеринарно-санитарниот преглед на храната е особено значаен сегмент на стручната работа и е во исклучителна надлежност на ветеринарната дејност како штоп е дефинирано во точка 20, член 2 од предложениот закон и во тој правец треба да се изградува целиот законски проект во интегрален текст.

На крајот сакам да напоменам дека овој закон е во спротивност и со проектот за изградба на современ контролен систем на храна во Република Македонија, кој како билатерален проект со Владата на Република Германија меѓу другото има за цел и воспоставување на европско компатибилно законодавство како еден од условите за наше интегрирање со европските прописи. Проектот е веќе во тек. Реков дека низ законот во повеќе членови провејуваат според мене некои нејасно-тии. Нејасностите одат во тој правец што во неколку члена е опишано храна, суровини, отпадоци од животинско потекло. па се мешаат многу работи.

Во член 2, точка 3 дефинира што е храна од животинско потекло, па се вели: "Храна од животинско потекло е суровина и производ од животинско потекло во сурова и преработена состојба што служи за исхрана на луѓето, млеко јајца, производи од млеко и јајца, мед, риби, ра-кови, школки, жаби и дивеч" што значи млеко и јајца, производи од млеко и јајца, значи и чоколадото е производ во кој се содржи млеко и разни кекси кои содржат и млеко и јајца и мед. "Суровини од животинско потекло се: составните делови на животинското тело, млеко, јајца и мед во необработена состојба, без оглед на нивната намена". Понудувачите на Законот според мене, непотребно ги мешаат сите овие работи да речеме храна, суровини, отпадоци од животинско потекло и околу контролата и надлежностите понатаму кој ќе ја преземе

XI/6.-

надлежноста, дали ветеринарите или докторите. Така барем беше речено

Имам забелешка на повеќе членови заправо поради овие нејаснотии храна, суровини, кога се вели храна дали се мисли на анималната храна или се мисли на хуманата храна. Бидејќи одредени членови од претходните дискутанти не беа спомнати, не би се осврнувал на нив, иако и моите забелешки се во правец на она што го изнесоа Илија Каров и колегата Милчо Трајков и во целина се согласувам - заштита на луѓето од зоонози. Ветеринарите според мене би требало да ги штитат животните од зоонози, во соработка со Министерството за здравство ќе ги штитат и луѓето.

Во членот 30 се вели вака: "Сопствениците на животни и превозниците на животни, храна, суровини, отпадоци од животинско потекло на барање на ветеринарен инспектор, на барање од доктор по ветерина, ветеринарна медицина во ветеринарно претпријатие или на барање на службено лице на Министерството за внатрешни работи должни се да покажат уверение за здравствена состојба на животните или потврда ветеринарна за здравствената состојба на пратката, суровините храната и отпадоците од животинско потекло". Не случајно го цитирам овој член 30. Во претходните членови или во понатамошните членови некаде се заговара, што е вред, приватизација на ветеринарните претпријатија, што според мене е вред, добиваме и во квалитет и во инфраструктура поставеност во државата и во пружање на поквалитетна ветеринарна заштита на животните во државата. А овде во членот 30 се вели дека ветеринарниот доктор од ветеринарното претпријатие има право да контролира. Јас незнам во која друга област некоја приватна фирма контролира нешто во државата, си ја гледа својата работа. Мојата забелешка е во овој дел, доволно е таа работа да ја врши ветеринарниот инспектор и органите за внатрешни работи.

XI/7.-

Понатаму, исто така според мене е дискутабилно издавање на потврди како што се викаат пасоши за транспорт, преселување, продавање, при продавање на добитокот и на животинскиот свет. И досега ги вршат, меѓутоа, ако веќе се приватизираат ветеринарните служби в државата тогаш тоа веќе треба да го преземе државна служба а таа државна служба е ветеринарната инспекција или подрачните министерства за земјоделство, шумарство и водостопанство кои се лоцирани во сите општини во државата.

Во членот 40, во последниот став се вели: "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот за земање мустри за испитување на храна и суровини и отпадоци од животинско потекло и од добиточна храна при увозот и за начинот за одземање и...", да не го читам понатаму членот. Има повеќе вакви членови каде што се испреплетени работите, испреплетени се поимите храна, суровини и животински отпадоци. На некои места е потенцирано и животинска и добиточна храна, а на многу места - не ги броев, ми се чини во 15-16 членови се повторува таа иста работа.

Понатаму, имав забелешка во членот каде што се вели минимум технички услови за работа на една ветеринарна лабораторија каде што се вели дека од кадровскиот дел е потребен ветеринарен доктор хемичар и еден техничар лаборант. Според мене тоа е недоволно. Во државата имаме во моментот обучен високоспецијализиран и суспецијализиран кадар кој што е спремен да ја врши ваквата работа. Ние не сме држава која треба да ги импровизира работите, затоа што образовно сме доста богати, а сега се спуштаме нека простат господата. Јас сум моментално сум општ лекар и колегата ветеринар што е општи кога ќе влезе во лабораторијата многу работи ќе му бидат нејасни. Таков ни е образовниот систем, во такви услови се школувавме.

XI/8.-

Јас имам уште една забелешка која ќе ја спомнам само онака а на тоа би требало да си реагираат господата ветеринари. На едно место таму се вели дека лиценца за работа на ветеринарен доктор потпишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Јас немам ништо против до колку другарите, господата прифатат една таква работа. Според мене не е в ред. Ние сме во еден систем на плурализам, власта ја добиваат политичките партии, политичките партии што ќе ја добијат власта формираат Влада политичка, министерот е политичко лице и во некој момент може да дојде на местото на политичката функција министер лице кое, според мене, не би имало право да потпише една лиценца за работа на ветеринарен доктор.

На крајот ќе речам дека ќе го поддржам законот,со една молба овој закон да оди во три фази како би добиле поквалитетен закон и би предложил на луѓето од Министерството за земјоделство, шумарство и воодсотопанство, на чело со г-динот министер, за оваа проблематика да се сфати, како што тие ја сфаќаат, сериозно, да се седне да се разговара со Министерство за здравство во еден потесен или поширок состав и да се изнајдат правилни решенија како понатаму ќе се контролира храната, кој ќе ја контролира и какви институции ќе ја контролираат храната. Тоа не е така небитна работа. Ние сме сведоци дека последниве години јадевме мед од Украина или кобасици со премиси на некакви хемикалии, кои што се за нас нејасни или пилешки батаци обогатени со хормони, така што оваа работа не е баш малку важна или малку битна за државата и нејзината егзистенција.

Имав забелешка и околу тоа, меѓутоа, колегите веќе го изнесоа околу дезинфекцијата, дератизацијата и дезинсекциајта, каде што според овој закон се дава исклучиво право на Ветеринарниот институт, што јас лично немам против тоа да го работи Ветеринарниот институт. Меѓутоа,

сознанијата дека во државата сега има и приватни претпријатија кои исклучиво се занимаваат со една ваква дејност, така што да не градиме монополи како што рече колегата Илија Каров.

Околу контролата на лековите исто така тоа никако не би смеело да појде во Ветеринарен институт, кога на друга страна имаме Фармацевтски факултет, високоспецијализирана институција која се бави со научни работи. Лекарствата не можеме да ги поделиме на хумани и анимални. Лекарствата се едни исти, дозите се различни.

XII/1. - JM/OM

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво, јас благодарам што имаше богата расправа за овој закон. Би сакал да дадам некои појаснуван»а за да не се повторуваат понатаму расправите, бидејќи се исцрпуваме.

Прво овој закон е владин закон, не е приватен закон, ниту на министерот за земјоделие. Потполно усогласен текст Ви дојде на расправа и овде и во комисиите . Тоа не значи дека законот е идеален. Јас уште на почетокот кажувам дека нудам тркалезна маса за расправа на овој закон меѓу струките. Јас сум од старите кадри што го правел и првиот закон заедно со покојните ветеринари. Овој закон во праксата живее полни 20 години. 14 измени и дополнување ги има направено сообразува со Европска унија, по него и увезуваме и извезуваме и никогаш лекарите од хумана медицина не се спореле со ветеринарите до денеска. Требаше да оди во парламентарна расправа закон па сега да извадиме се што нечинело во работењето. Тоа е и добро. Но, под услов да ги знаеме работите добро аз да можеме да ја подобриме состојбата во оваа област.

Што е тоа што сакам да одговорам. Јас сам кажав уште на почетокот, да не беше споменат во член 50 ветеринарен институт,се ќе беше во ред. И добро е што го споменавте. Сега да го заборавиме како име споменато во членот 50 дека ќе ги врши работите овој институт, туку да читаме дека испитувањето на хранливите продукти од анимално потекло ќе ги врши институција овластена од Министерство за земјоделство и шумарство. Ќе ги пропишеме нормите што ги има во

Европска Унија. Денеска тие норми ги исполнуваат само две институции во Македонија. Никој друг. Ниту ќе Ви предложиме колку и да расправаме , да предложиме дека 700 души што работеле во тие заводи за Здравствена заштита дека ќе ги храниме преку селаните, преку тие што кажувавме скапи такси. Напротив ќе си бараат сами решение , не најдоа сега закон , па ќе се потпреме на овој закон сите сега да живееме. Нема. Овој закон треба да внесе рационалност И неслучајно кога реков новина е во моделот што значи реформа приватизирање на станиците да ги направиме да бидат меѓу себе и да си конкурираат и во тие села да се отворат нови станици. За тоа има и пари, но да не не чекаат да носиме закон три години, туку да го донесеме што можеме побрзо. Од тие причини и брзаме да биде во две фази. Целта е во тие планински подрачја во трката за профит, за интерес да пројде и капиталот, да пројде интересот за да можеме да направиме поголема дисперзија на овие станици и низ конкуренција да ги поевтиниме услугите.

Ќе повторам уште еднаш, досега никакви судири на надлежности немало меѓу ветеринарната и хуманата медицина. Тоа е јасно поделена работа. Членот 3 дефинира дејноста на ветеринарната служба, тоа подразбира што е тоа работа на ветеринари. Зооноза условно кажано народски да се разбере појасно претставува болест на животното која се пренесува на човекот, на кој начин подобро знаат медицинарите. Од тие причини ветеринарите се должни во претходната постапка уште кога е живо, во тоа спаѓа она што говоревме да има обележен добиток, да го контролираат прометот на добитокот, да го контролираат чувањето пред клањето, да го прегледуваат при клањетс и да му стават печат на секое заклано животно а му дадат сертификат затоа се вика ветеринарен

сертификат, не е наша измислица. Во цела Европа се употребува истиот термин. Според тоа доста јасно поделена работа и која во пракса живее до ден денеска. Ништо ново министерот Докузовски не Ви предложи. Она што во пракса живее и што е неспорно Новините ви кажав кои се Има и други, меѓутоа ова се доживува во пракса. Оттаму предлагам во натамошната постапка овој закон да од] во две фази, бидејќи не гледам сложеност никаква , не гледам никаков проблеми. За тоа кој е надлежен, што е тоа зооноза, бруцелоза овде споменавте. Ќе кажам, и сега имаме два проекта. проект на бруцелот што ја спроведува ветеринарната служба на живите животни, на мерка и проект посебен што го спроведува здравството. Затоа е речено Владата која ги обединува двата проекта на сузбивање на оваа опасна зооноза која во Македонија постои.

Би сакал да кажам неколку коментари. Ние во овој закон добивме само една забелешка од Друштвото "Срна" кое ни укажа дека е потребно да водиме сметка и за домашните миленици како што тие го викаат , има неколку забелешки. Ние тие забелешки ќе ги вгради во оној дел што значи да се вклопуваат. Во тој дел се и забелешки за нехуманото постапување со животните. Впрочем тоа и досега во законот постоеше, тоа е обврска и на меѓународни конвенции дека ние мораме да водиме сметка за хуманото однесување кон животните, вклучувајќи го и хуманото клање во самата кланица бидејќи има пропишана постапка како тоа се прави. Од тие причини ние мораме овие одредби од законот во членот 20 што беше кажано дека не треба да стои, треба да бидат содржани бидејќи на тоа не обврзуваат и меѓу народните прописи.

XII/4. -

Прашањето за членот 44 кланици и канцеларии и т.н. Не кланици и канцеларија во кланицата да има, туку треба да има и купатило и сите хигиено-технички услови. Во Македонија ние имаме 27 кланици од кои 8 се извозни. Многу се, меѓутоа треба да бидат помалку, да ги сообразиме со времето со кое живееме според бројот на доби- токот. Ако мислиме дека ќе ги ублажуваме условите на клање тогаш ќе имаме и натаму зоонози повеќе и ќе имаме болести кај луѓето. Од тие причини сите кланични објекти вклучувајќи ги и млекарите критериумите се заострени што е предмет на Правилникот, меѓутоа основата во овој закон мора да биде содржана дека сите објекти мора да исполнуваат минимални услови за да стапат тие што сакаат да инвестираат дека мора и за мал и за голем објект да вложи средства за обезбе- дуваше на минимални услови за работ аи на ветеринарите што работат и за целиот процес на производството од приемот на грлата до клаше то до излегувањето во продавниците. Натаму продавниците нормално стапува на сцена и хуманата медицина и ветеринарните инспектори и

Прашањето на млекото во јавната потрошувачка мора уште построго да биде. Не може да продаваме во балончиња млеко по улиците и било каде. Кога зборуваме во законот за јавна потрошувачка се мисли на ова и оттаму ни доаѓа нас бруцелозата во Македонија е нај масовна заради ваквиот промет на млеко и млечни преработки и затоа со законот ова мораме да го санкционираме и дури би рекол уште повеќе да го заостриме.

Прашањето на таксите големи и мали сакам да кажам дека ту се во законот, се кажа дека се преголеми. Мислам дека беше оценката таква , само кажаа неколку пратеници за маркетинг дека се грижат  селацните, меѓутоа кажав дека таа каква е , толкава е. Со законот ќе се каже како ќе

се усмерува. И прашањето каде ќе одат тие пари е предмет на законот. Ние сметаме дека тој кој ја носи обврската д, се бави и да ги решава проблемите во ветеринарството со болестите, па му треба да ги усмериме и парите бидејќи не може парите да одат на едно место, а обврските да бидат на друго место. Спрема обврски таму и парите. Кој ќе биде односот во втората фаза ќе го дефинирам малку поблиску отколку што сега е тука.

Имаше забелешка дека прашањето за инфекција, дезинфекција и т.н., знаеме ние што е инфекција и дезинфекција, меѓутоа се се зборува во смисла на овој закон, во смисла на тој закон што ќе доаѓа. за заштита на растенијата и што беше во претходна фаза се подразбира дезинфекција, дератизација и слично за објектите од растително потекло. Овој закон е за дератизација во објектите, во кланици, во месарници, во млечни преработки и т.н* за да се знае дека дејност на ветеринарните станици, односно на овие институции овде е само за својот дел за да не се случува да има ниту дуализам, ниту пак да остане вакум за да не се знае кој е надлежен за кој дел.

Ќе завршам со тоа уште еднаш за ветеринарниот институт. Добро е што го споменуваме, меѓутоа треба да престанеме да го споменуваме. Овој институт ќе кажам ќе си ги добие правата и обврските што ги имаат и сите други, но со една напомена. Во Европските конвенции се многу по строги и тешко на тој што ќе сака да влезе во овој список на овластувањата. Службата е во Париз која ги известува наш служби, Министерството и таа управа за појавите на болестите во Европа. Дури таа кажува од кои институции во Македонија ќе ги признава документите за состојбата каква е. И таа кажала веќе. Мора да стои во законот дека е тоа ветеринарен институт. Јас би сакал сега хуманата медицина кога ќе

расправаме заедно за овој закон да каже каде тоа стои за нив, бидејќи ќе го споменам пак примерот ако прет- поставиме дека увозното месо е од Холандија , во Холандија го гледа ветеринар кога е живо, ветеринар при клање, ветеринар става печат, ветеринар става сертификат, ветеринар запечатува камион. На грани- цата кога доаѓа во државата ако е од увоз фирмата што увезува мора да добие дозвола од ветеринарната управа на Македонија, ветеринар го прегледува камионот кога доаѓа, ја отвора документацијата е тука е сукоботот, кој да ја земе мустрата, примерокот за да го изврши испитувањето за оваа работа. Ќе земат реков две институции бидејќи ќе треба да се прави суперанализа, а ако има и три, четири Меѓутоа, толку е скапа опремата и опремувањето што со овој закон ние не можеме да сметаме дека ќе биде за сите. И ќе повторам заводите за здравствена заштита ќе си вршат и натаму испитување на водите и натаму испитување на прехранбените продукти. Меѓутоа ниту пак да се надеваат дека со овој закон ќе го решиме прашањето на нивното опстојување и перспектива.

Јас молам да прифатите законот да биде во две фази, затоа што не е сложен , и затоа што треба да почне процес на инвестирање во оваа дејност, да почнат да се градат приватни станици во Македонија каде што нема ветеринарни станици да има конкуренција и да имаме поевтини цени на услугите на земјоделците која е крајна цел на овој цел.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре. јас навистина се извинувам што излегувам на говорница

после министерот , меѓутоа јас се пријавив пред него. Ќе кажам сам две три реченици. Читајќи го законот навистина јас како лекар имав дојам дека на некој начин маса проблеми како да се префрлуваат од хуманата медицина на ветеринарната медицина што на некој начин не тоа во ред. Меѓутоа после излагањето на министерот одредени работи стануваат јасни, но сепак сакам да не се стекне дојам дека еве лекарите излегоа на говорница за да бранат нешто за себе и т.н. Не, тоа не е така. Ценам дека навистина има одредени допирни точки меѓу ветерина и медицина и сигурно одредени работи кои се назначени сега во законот да бидат во ингеренција на ветеринарната медицина, навистина се доста развиени во хуманата медицина поготово во заводите за здравствена заштита и Републичкиот завод за здравствена заштита. Мислам дека навистина не е на одмет веќе во наредна фаза кога ќе с припрема Предлогот на закон да како владин проект се има ова во п вид и можеби не е лошо за овие членови кои беа искажани , мене ми се прибележани во мојот потсетник , треба да се седне и да се разговара и на некој начин на крајот да добиеме еден закон кој ќе биде во интерес на луѓето ,односно населението на нашата држава. Во таа смисла само сакав да се произнесам дека има одредени работи за ко* треба да се допрецизираат, тие се членовите 3,4,15,50 и т.н. и да не ги набројуваме. Мислам дека во следната фаза јас верувам дека се има сето тоа во обѕир и секако дека одредени работи кои се усталени во работата на хуманата медицина мислам дека треба да останат како нејзина ингеренција, затоа што зооноза, или бруцелоза, бруцелозата навистина е проблем и на ветерина и на медицина. И не може да стои во законот да речеме во компетенции , или ингеренции на ветеринарната медицина ќе биде борбата против зоонозата. Јас се согласувам во тој класичен превентивен дел, меѓутоа

ако човекот се заболи , мислам борбата против заразни болести, или зоонозите на крајот на краиштата се состои и од превентивен дел. Така што ценам дека за овие работи треба да се седне да се разговара. Јас се надевам дека на крајот ќе добиеме еден текст кој ќе ги задоволува потребите на населението на нашата држава.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Неспорно е дека овој законски проект е од битно и социјално значеше ко,ј што ја регулира оваа област, да речам сврзан со оној есенцијален начин на живот со точното регулирање и институција на прехрамбени рпоизводи низ државава. И според тоа треба навистина со псоебен респект да се гледа кон истиот. Баш поводот на тој респект кон оваа проблематика ми даде право да излезам на оваа говорница да кажам дека сепак треба ресорниот министер за земјоделие и ресорниот министер аз здравство некои работи кои тука очигледно дека се контатибилни меѓу себе да ги разјаснат на прав начин како што треба. Инаку онаа базата нормално со која комуницираме и од која сме задолжени овде да ги изнесеме нивните забелешки укажува на одредена работа дека и лекарите се во право , а нормално и ветеринарите во одредени сегменти исто така се во право. Навистина не е добро да преку оваа говорница се кршат тие стручни копја, туку треба на еден достоинсвен начин сето тоа да се изгради како што треба за добро бит и за правилно функционирање на оваа проблематика пред се во пракса, во обичниот живот. Според тоа заклучувам бидејќи сме задолжени, задолжен сум и од двете страни да дискутирам и да ги изнесам нивните прави вистини како што тие тоа го ценат, сепак тоа одлучуваа>е им го отстапувам на ресорните министри и она што тие меѓу себе ќе заклучат 1

онаа последна фаза , оној законски проект кој што се надевам ќе I имаме во наредниот период, за него ќе гласам бидејќи навистина ќ« ценам дека тоа е она правото вистинско решение.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и н< Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот - за донесување на закон за ветеринарство.

Владата на Република Македонија ќе подготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела ка: и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Валадата на Република Македонија и д< Министдрството за земјоделство, шумарство и водостпанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (54 пратеници гласаа за).

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам да се пребroиме колку има присутни пратеници во салата.

XII/10. -

Молам да се повикаат пратениците.

Во салата се присутни 60 пратеници. Значи не важи гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИч**

Ве молам колку пратеници имаме во салата? (62)

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Како може 62 пратеници се присутни во салата а 5 8 гласаа.

Ве молам колку пратеници се присутни во салата? (58)

Очигледно немаме кворум.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата

Ве молам за точен број на пратениците во салата (63)

Мораме да го повториме гласањето

Ко} е за предложениот заклучок молам да крене рака (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Дами и г-да пратеници скакам~да Ве замолам, нешто бидејќи не можеме да работиме вака на работ на кворумот, сакав да Ве замолам ако се согласувате само да ја апсолвираме 10-та точка заради потребата од конституирањето на Советот за меѓунационалните односи.

Дали се согласувате со овој предлог?

(Се согласуваме).

Минуваме на 10-та точка - Предлог одлука за изменување на одлуката за основање на Совет за меѓунационални односи.

Предлогот на претседателот на Републиката и новиот текст на Предлогот на одлуката Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Амди Бајрам.

XIII/2.-

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници. Во врска со Предлогот на претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров за состав на Советот за меѓународни однос сакам да го кажам следното:

Дваица предложени кандидати, од ромската националност се припадници на партијата ПЦЕР и тоа поранешниот почесен претседател на партијата Фаик Абди. Но, сега има една измена. Имено немам ништо против личностите предложени кандидати меѓутоа, испуштено е од предвид дека во Македонија постојат и други политички партии на ромите кои и даваат голема поддршка на сегашната власт.

Г-до пратеници. Знаете дека меѓу нас ромите постојат по- веќе политички партии не е само партијата ПЦЕР во Македонија. Моментално во Македонија власта на ромите не ја води партијата ПЦЕР односно таа не е водечка партија туку има други ромски партии кои се регистрирани и кои се во тек на регистрација. Така досегашниот кандидат што е предложен за Советот за меѓународни односи, и вториот кандидат кој исто така е предложен од партијата ПЦЕР значи дваица кандидати за Советот се предлагаат од една партија. Мислам дека не е во ред, во денешно време кога постојат и други партии. Знаеме која партија беше во водство н а локалните избори. Знаете дека за време на локалните избори Демократската партија на ромите и Сојузот на ромите партија која е во тек на регистрација имаат 11 советници во општината Шуто Оризари, имаат свој градоначалник. Така да мислам вакво ривалство меѓу нас ромите не е во ред да се подметнува.

Да ви кажам дека јас седум дека чекам прием кај претседателот на Републиката околу оваа работа да му кажеме на претседател

дека во Македонија не постои само партијата ПЦЕР туку постојат и други партии. Но јас до денес немам никаков прием кај претседателот а претседателот дали е запознаен со тоа или не, бидејќи предлогот е на претседателот, реков јас досега немам никаков прием кај претседа телот и затоа барам оваа точка да се одложи од дневниот ред од оваа седница додека претседателот на Репбуликата не не прими.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и г-да пратеници и господа министри.

Ако се сеќавате уште пред три или четири седници овде јас инсистирав на дневен ред да се стави точка, основање на Совет за меѓунационални односи заради потребата од нивелирање на соодветните односи во Република Македонија.

Сметам дека во последно време, скоро година или годинаипо. иако и порано сум бил член на Советот за меѓунационални односи, на постои Деловник за работа на Советот, Советот не си ја одигра свој та улога. Не може Советот да биде само репрезентативно тело, кога доаѓа некој од надвор па да се пофалиме со одредени свои согледувања како, што правиме овде во Парламентот, какви се националностите, по боја, (шарени, нешарени), како се остваруваат правата обврските итн

Сигурно, ако Советот работел почесто верувам дека немаше да дојде до тие немили настани и овде со Педагошкиот факултет и со Гостивар, па и со она кога убија една жена ромка на пазарчето, па тепање на полицијата итн. И денеска има луѓе кои доаѓаат кај мене што јас ги примам. Луѓето испратиле писмо до претседателот на Собранието г-динот Тито Петковски и ќе одат до ОБСЕ, за одредени работи кои треба да се расправаат на ниво на Совет за меѓунационални односи, односно Комисија за меѓунационални односи. Мислам тука им е местото.

XIII/4.-

Еве и денес добив едно писмо дека кај нас во Министерство1 за надворешни работи од 11 до 12 декември во Скопје, ќе се одржи петтиот состанок на Владините канцеларии и национални малцинства од 18 Источно Европски земји. Тоа за нас е голема работа.

Новиот состав на меѓунационалниот совет т.е. што е предлога да ви кажам право јас незнаев за она што ПЦЕР предложи. Дури на состанокот што го имавме овде со претседателот и останатите политички субјекти околу политиката надворешна итн., членувањето во разни организации, тогаш дознав што е работата и пред некој ден бев кај претседателот на Собранието, го замолив да ме изземе од Советот заради нешто во кое сум јас сигурен или убеден дека тоа треба така да биде, а не заради тоа што некој овде пласира повеќе политички партии на ромите. Постои ПЦЕР, постои демократска партија и во Куманово некоја си ПЦЕР - демократска ништо друго. Се што е во тек на формирање, 11 месеци се формира и не е формирана, затоа, здравје ќе видиме.

До претседателот на Собранието напишав писмо со следната содржина:

"Почитуван г-дине претседателе,

ПЦЕР го доби Вашето ценето писмо со кое барате двaица кандидати роми кои ќе ги предложите во составот на Советот за меѓунационални односи.

Раководството на партијата ме предложи мене и д-р Бајрам Берат, сегашен претседател на партијата.

Размислувајќи многу дека е доволно моето време од 40-тина години во политиката и цврсто уверен дека имаме доста кадри со високо образование и ценети стручњаци, од 120 со високо образование место мене го предлагаме сообраќајниот инженер Декир Мерзо, вработен во..."

XIII/5.-

Го предлагаме овој граѓанин, уште повеќе, бидејќи не е член на напата партија и не членува во ниедна друга партија. Тој нема партиска припадност, со сигурност дека ќе ги поддржи и охрабри ромите во нивниот пат кон еманципацијата со високо осознаена опре- делба дека среќата на ромите во РМ, мора и треба да се најде во севкупната среќа на РМ, и нејзиниот развој.

Денес дибивме писмо од претседателот на Републиката и се предлага нов состав односно од ромска националност дваица нови кандидати и тоа сегашниот претседател, младо момче кој не е член на ниедна партија.

Молам, во овој совет, мислам дека и на вас Ви е познато многу е жално што досега ниеден материјал не дошол овде, овде од Советот. И во Комисијата за меѓунационални односи и во Советот за меѓунационални односи постојат доста материјали кои се од големо значење за Републиката, а ја имаат онаа транспарентност кога треба да пратиме некого надвор од Република Македонија, на разни собири. Тоа се случи минатиот пат во Хелсинки, па во Барселона итн., праќаме луѓе кои не се членови на Советот односно на кои им изминал мандатот па тие мафтаат таму со нешто што не е во согласност со она што го бараме. Затоа сметам дека овој Совет треба што побргу да се формира и деновиве ќе имаме средба со 17 делегации.

Јас го поддржувам предлогот што е даден од страна на Републиката, тоа е негова ингеренција, со барање целото членство да работи според Деловникот и претседателот на Собранието, бидејќи според уставот е и претседател на Советот, многу почесто да го свиклува Советот и да ги види тие материјали што останаа таму како не-рализирани и од аспект на образ ованието и воспитувањето и културата просветата, з дравството, социјалната сигурност итн., а и од аспект на оние секојдневни проблеми и настани што се случуваат во општини' и градовите во РМ.

XIV/1.—СС/МЛ

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не се согласувам со тоа дека господинот Фаик Абди укажува дека постои една ромска партија и некоја друга.

Постои ПЦЕР, Партија за еманципација на ромите, постои Прогресивна партија, Демократска партија на ромите што е шест годи- ни регистрирана со регистрација, постои Демократска партија ПЦЕР исто од Куманово и сега при регистрација е во судот Сојузот на ромите Јас со тоа сакам да укажам дека постојат три партии и една сега при регистрација тоа се четири. А, една партија не може да ја крои политиката во Македонија, затоа што не претставува една партија во Македонија ништо.

Господинот Фаик Абди кажа дека други роми не би можеле да го претставуваат во тој меѓунационален совет. Особата која е пред- ложена, тоа е, до сега сите три кандидати кои се, изманипулиран е претседателот на државата. Господинот Фаик Абди, од Партијата за еманципација на роми, господинот Бајрам Берат е претседател на Пар- тијата за еманципација на роми и третиот господин кој сега е пред- ложен наместо господинот Фаик Абди, тоа е тројна фамилијарна врска по ковачка линија. Е, тоа да знаете. Значи, двајцата кандидати кои се сега, тие се први братучеди по фамилијрана врска.

Јас би го предложил, и пошто има три други кандидати, од тие три кандидати еден,а јас самиот себе не се предлагам. Не би сакал да бидам во тој совет. Затоа барам одземање од денешнава седница на оваа точка, се додека немаме прием, имаме тројца, бараме прием кај градоначалникот на општината, пратеник Бајрам Абди јас и претседателот на Демократска партија на ромите кој е шест години на власт регистрирана партија. Тоа е тоа.

Благодарам.

XIV/1.-

Ве молам, дневниот ред го утврдивме на почетокот на седницата. Сега не можеме да го менуваме.

Реплика за господин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Се случува интересна работа, прв пат во Собранието на Република Македонија, не би сакал да му реплицирам баш на господинот Амди Бајрам, затоа што многу ги познава ситуациите, се гледа дека е вешто лице за овие работи.

Прво, дали по ковачка линија, што е, како е, јас немам врска. Јас го знам момчето. Го молевме да го кандидираме за пратени 1994 година, тоа е многу солидно момче и сега прифати да почне него вата политичка кариера, да се замеша малку во политичарите. Ова е еден аспект. Не е член на ПЦЕР. Би сакал да биде.

Втора работа, пред година дена од Европски Совет имаше една делегација од 17 луѓе, Министерство за надворешни работи, имаше претставници од ПЦЕР од Куманово, ПЦЕР Прогресивна, пардон Демократска од Прогресивната партија, Демократска на ромите. Пак таму се замеша, меѓутоа сите води водеа кон лидерот на ПЦЕР. И, кога заврши сето тоа, водачот на делегацијата, човекот од Полска, заборавив како се вика вели вака - И ние имаме роми. Ако на едно место се сретнат двајца роми, ќе имаат три партии. Тоа е и кај нас. Тоа е тоа. Уште не се осознаени во својата општествена положба, економска положба, социјална положба и тн. Секој конфронтира и, како што е се га. Тоа е конпромитирање. Мислам, ако човек разбира што е тоа компромитирање, тоа е тоа. Што да речам друго.

XIV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Бидејќи се работи за Совет што треба да има доминантна улога во овие односи што денеска се присутни во Република Македонија, јас мислам дека за овој совет треба да кажеме неколку зборови, пред тоа да го кажам, би сакал нешто да изнесам во врска со работата на досегашниот Совет, бидејќи се работи...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, за тоа кога ќе поднесе извештај.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Меѓутоа, имајќи ја предвид улогата на овој совет и со Уставот и со другите нормативни акти, исто така како предлагач е првиот човек на државата, господинот Киро Глигоров, односно претседателот на државата, ние треба да знаеме дека овој совет треба да биде составен од луѓе кои навистина заслужуваат за подобрување на меѓунационалните односи во Република Македонија.

Знаеме дека досегашниот Совет ништо не работел. Дури и кога имаше така потреба, незнам зошто и од кои причини. А, се надевам дека структурата на овој Совет и составот нема да биде таков, барем за некои работи ќе се залага. Меѓутоа кога се однесува за структурата, односно за составот јас би сакал да кажам неколку зборови, особено за човекот кој е докажан како лапаново, со многу свои дела преку разно-разни новини, па да кажам и со своите научни работи што се поврзани со историјата, не

само на нашата Република, туку и на Балканот. Особено се работи во овој момент за господинот Блаже Ристевски.

Тој беше и потпретседател на Владата, во првиот состав. Кога беше експертската Влада. Имав неколку контакти со овој човек, бидејќи тогаш ние почнавме од нула за многу работи и знам дека е докажано како антиалбански човек со антиалбанско расположение.

Јас мислам, ако ние сакаме да формираме Совет што ќе инсистира да ги нарушува овие односи, тогаш нека биде вака како што е предложена листата, а до колку мислиме дека треба луѓе кои навистина ќе дадат свој придонес за подобрување на меѓунационалните односи, бидејќи оваа проблематика е доста чувствителна во нашата држава и има потреба од луѓе, докажани за многу добри работи преку своите дела и преку својата досегашна работа, меѓутоа овој човек е докажан од минатото дека е расположен со еден багаж што не може да се ослободи. Па, како може сега во овој состав да се најде на листата истиот човек кој никогаш не бил расположен, барем минимум да даде придонес за подобрување на меѓунационалните односи.

Токму од овие причини ние не ја прифаќаме оваа листа и ба раме од сите пратеници, барем вака во овој момент да покажат, ако сакаме сите вака навистина да формираме Совет што ќе работи за подобрување на меѓунационалните односи. Ние имаме таква потреба, нужни сме за луѓе кои навистина ќе работат и понатаму да ги надминеме многуте проблеми што се многу важни за оваа држава.

Толку, благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Малиќи.

XIV/5.-

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Од предложените кандидати за основање Совет за меѓунационални односи, врз основа на член 84 и членовите 68 и 78 од Уставот на Република Македонија се знае дека Советот го сочинуваат по дваица македонци, албанци, турци, власи и роми и двајца членови од другите националности во Македонија.

Сум на мислење дека во својство на другите националности, претседателот, господинот Киро Глигоров требаше да има предвид за член на Советот да се предложи претставник од бошњачката национална припадност, бидејќи таа националност со еден процент е во Македонија.

Сум на мислење дека оваа одлука не треба да се усвои, или додека да се усвои треба да се најде начин да се отвори дополнителна консултација, да се измени оваа одлука во еден близок период.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

За работа на оваа Комисија сум имал можност да читам во печатот и критиките се упатуваат во разни правци и од самите членови на ова Комисија. Јас, по повод овој предлог сега очекував да се даде некој извештај за работата на оваа Комисија.

XIV/6.-

Колку јас имам сознанија, оваа Комисија нема некои резултати, па дури се дискутира и за тоа дека на оваа Комисија не се пружа доволен простор за да може таа да ги обавува работите. За ова не сум убеден дека е така, меѓутоа знам, всушност ние како Парламент не сме информирани за работата и за резултатите на оваа Комисија. Можеби и требаше еден краток извештај за работата на оваа Комисија.

По однос на тоа кои се, јас не знам дали има извесни критериуми по однос на избор за кандидати, индивидуи во оваа Комисија. Не знам кои се тие критериуми. Дали се имале предвид индивидуи кои вложиле нешто позитивно за меѓунационалните односи или пак што при- донеле нешто за добро за националните односи во Република Македонија.

Исто така, јас имам податоци, имам и факти за еден член на оваа Комисија кој што не само што не придонел ништо за добро за националните односи, туку напротив, придонел во негативна смисла за да се запалат страстите меѓу националностите во Република Македонија. Јас знам дека има личности во Република Македонија, македон- ци, кои се афирмирани и меѓу албанците како луѓе кои со својата работа придонеле нешто многу позитивно за меѓунационалните односи. Не знам зошто ни се предлагаат луѓе кои се познати во јавноста не само во целокупната јавност во Македонија, туку се познати и посебно кај албанците.

По мене, оваа Комисија не заслужуваат сите да бидат членови на оваа Комисија, затоа што некои се оптоварени со багаж на минатото и тие кои се со таков багаж не можат да придонесат ништо позитивно по ова прашање.

XIV/7.-

За мене, на крајот на краиштата, не е толку битно да мора да биде вака парно, по два членови од секоја националност. Според мене нека биде еден албанец, еден турчин или еден ром и нека бидат пет македонци, ако тие не се оптоварени со тие негативни страсти, за мене не е толку битно. Не е работата само формално да го застапиме бројот по двајца од секоја националност. Ако е склон да при- донесе нешто позитивно во однос на националното прашање, за националностите, значи, за мене нека биде и македонец, нека биде кој сака, само да не е оптоварен со негативни страсти.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сепак да се потсетиме на некои работи за да не- ма недоразбирања.

Станува збор за Совет за меѓунационални односи, а не за Комисија како работно тело на Собранието. Советот е самостоен орган и тука не постои таа субординација за која говореше господин Туда. Напротив, во последниот став на член 78 говори, од Уставот, говори дека Собранието е должно да ги разгледа мислењата и предлозите на Советот. По нив да донесе одлука во врска со нив.

Според тоа, не се работи за работно тело на Собранието.

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор господин Стојановски.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Една сериозна работа сакаме да девалвираме и да си ја насочиме таму каде што не боли забот.

Прво, треба да сфатиме дека е ова уставна одредба и нема тука место за импровизации колку и како и што.

Второ, ние мора да го респектираме она што значи согласност на овој состав на претседателот на државата. Без оглед што претседател на Советот е претседателот на Собранието, во моментов господинот Тито Петковски.

Понатаму, мислам дека е коректно ако во нашите дискусии се задржиме на претставниците од сопствената националност, или народ. Не е коректно ниту умесно, ниту можам да прифатам коментари и дискусии зошто е предложен некој и како. Не можам да прифатам неаргументирани критики и оптужби на Академик Блаже Ристевски, познат историчар и научник кој ја докажува историјата и вистината со аргументи. А, ако тоа некому пречи, тоа е негов проблем.

Мислам дека такви напада и не заслужуваат да се слушнат од оваа говорница за човек кој целиот свој живот го посветува на она што му е струка и професија во еден долг континуитет. Не случајно е академик во оваа држава и мислам дека не можат да се прифатат такви неаргументирани напади.

Ако некој сака да дискутира, нека дискутира. Место овој од таа националност, предлагам да биде и тој, поради тоа и тоа. Не прифаќам неаргументирани напади и избирање на член кој што е точно одреден кон неговата национална припадност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Шаќири реплика.

XIV/1.-9

**ИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господо,

Сакам да му укажам на претходниот дискутант дека јас ништо не кажав повеќе од тоа што сум го читал од господинот Блаже Ристевски. Меѓутоа, јас не сакам само господинот Блаже Ристевски да биде денеска тема на дискусија. меѓутоа, имајќи предвид дека се работи да доста сериозен Совет кој исто така има и обврска за не- кои работи што се многу важни за Република Македонија, јас затоа побарав да бидат во листата предложени луѓе кои се докажани за подобрување на меѓунационалните односи.

Јас, господине, сакам да ти кажам отворено, јас имав кон- такт и јас ги имам прочитано неговите дела и од историски аспект и од секојдневниот печат. Јас знам дека е докажано така. Јас не сум некој човек кој ја измислил оваа работа. Туку е докажано. Ако некој не прочитал, ако некој не го чита печатот, и неговите дела ако не си ги прочитал, тогаш должен си да ги прочиташ, па тогаш да се спротивставиш на овие мислења и мои констатации.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господин Туда.

Ве молам, сакам да ве потсетам дека е ова прашање што е во исклучува надлежност на претседателот на државата. Тој го пред- лага Советот, а Собранието може да прифати или да не прифати. И, немојте да ги дисквалификуваме луѓето...

Независно од тоа што предлогот е од претседателот на државата, ние како пратеници имаме право да дискутираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие имате право да дискутирате секако, но немојте да дисквалификувате луѓе. Ве молам.

**РАМИ ТУДА:**

Не дисквалификуваме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете.

**РАМИ ТУДА:**

Јас доволно имам, не ја носам со себе, само едно интервју да се чита овде пред вас и ќе се убедите вие, што се изразува во тоа интервју за ова. Имаме и факти за ова што го зборуваме.

XV/1. -HH/MJ1

**РАМИ ТУДА**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А, што се однесува за тоа што претседателот на Собранието вели дека не шпага во работните тела на Собранието, тоа не е доволен факт да ние гласаме овде, било за секоја индивидуа, за секој човек.

Значи, ние сме заинтересирани да бидат луѓе кои навистина се заслужни, тие да бидат во овој Совет.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Совет за меѓунационални односи.

Процедурално господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, сакав да реагирам процедурално заради тоа што претпоставувам дека сакате да ја прекинете седницата сега.

XV/2. -

Морам да ве потсетам дека на почетокот на оваа седница укажав на некои работи и тие се случија, односно барав точката за донесување закон за преземање на стечајната маса од ТАТ да оди како точка 2, имајќи ја предвид тежината на дискусијата по сите други точки.

Се оствари тоа што го предвидов и еве веќе четири дена расправаме, а точката не е на дневен ред. Точката е сеуште нерасправана. Уфрливте нова точка пред нашиот Предлог-закон иако, повторно повторувам Предлог - законот за донесување, за преземање на стечајната маса од ТАТ е поднесен на 6 ноември. Очигледно, тенденциозно ја ширите дискусијата по овој закон да ја одвлечете во доглед и затоа барам да не прекинуваме и предлагам да продолжиме со работа по оваа точка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред се, би сакал, заборавив да кажам, бидејќи господинот Видимче побара процедурално, седнете, ќе ви дадам збор, пропуштив секако, откако го избравме Советот, се разбира да им честитам на новоизбраните членови, а на досегашните членови на досегашниот претседател на Советот да му се заблагодарам за обавување на неговата функција.

(Пратеникот Амди Бајрам од место бара реплика).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа помина.

Продолжуваме во среда пред почетокот на новата седница со овие неколку точки.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).